**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# Функционалност на семејството и девијантно однесување кај адолесценти

**МЕНТОР:** **КАНДИДАТ:**

**ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА СТОЈАНОСКА ИВАНОВА** **МИРЈАНА ЈОВАНОВА**

1. Вовед………………………………………………………………………………………………………....... 4

2. Поим и специфики на семејството…………………………………………………………….............6

2.1. Дефинирање на семејството…………………………………………………………………………12

2.2. Структура на семејството…………………………………………………………..............14

2.3. Функционалност на семејството…………………………………………………..............16

2.3.1. Карактеристики на функционалните семејства……………………………………...17

2.4. Дисфункционално семејство - негативни ефекти врз детето………………………..18

2.4.1. Карактеристики на дисфункционалното семејство…………………………............20

2.5. Видови на родителски стилови…………………………………………………...............23

3. Поим за општествени девијации и девијантно поведение……………………..…………27

3.1. Дефинирање на општествените девијации……………………………………….........29

3.2. Видови на девијантно однесување……………………………………………………........34

3.2.1. Зависност од алкохол…………………………………………………………………………….37

3.2.2. Зависност од дрога и други психотропни супстанци……………………..……….39

3.2.3. Малолетничка деликвенција……………………………………………………………….42

3.2.4. Меѓуврсничко насилство (булинг)…………………………………………...…….47

3.2.5. Хазардни игри……………………………………………………………………........……50

3.2.6. Вагабондажа……………………………………………………………………………….........52

4. Функционалност на семејството и девијантно однесување на адолесцентите…..57

5. Релевантни истражувања……………………………………………………………………………..61

6. Методолошка  рамка на истражувањето……………………………………………….......63

7. Методи и техники на истражувањето…………………………………………….........……..64

8. Резултати од истражувањето……………………………………………………………………..………..65

9. Дискусија……………………………………………………………………………………………………………..86

10. Заклучок……………………………………………………………………………………….………………..91

11. Користена литература……………………………………………………………………………..………..94

# 1.Вовед

„Семејството е основа на здрава и болна личност“ - Акерман

Семејствата служат како едно од најсилните сили на социјализација во животот на една личност. Во нив, децата од најмали нозе се учат на норми и вредности кои се општествено посакувани и добри, како за индивидуата, така и за општеството во кое таа индивидуа живее. Тие им помагаат на децата да научат да го контролираат неприфатливото однесување, да го одложат задоволството и да ги почитуваат правата на другите. Спротивно на тоа, постојат и семејства во чии рамки се толерира насилството, агресијата, одредени девијации и децата во таквите семејства воспримаат поинакви вредности.

Семејното опкружување, во текот на годините на формирање, игра клучна улога во обликувањето на личноста и нејзините идни резултати. Истражувањата во текот на изминатите неколку децении, направени за нормалниот развој на детето и за развојот на девијантното однесување, покажаа дека индивидуалните, социјалните и општествените услови, како и нивните интеракции, влијаат на однесувањето на децата. Постои општа согласност дека однесувањето, вклучително и асоцијалното и деликвентното однесување, се резултат на сложена интеракција на индивидуални биолошки и генетски фактори и фактори на животната средина, кои започнуваат во текот на развојот на фетусот и продолжуваат во текот на животот (Bock & Goode, 1996). Јасно е дека гените влијаат на биолошкиот развој, но не постои биолошки развој без еколошки придонес. Така, и биологијата и животната средина влијаат на однесувањето. Домот и семејството на детето се центарот на неговиот развојот.

Една од повеќето важни функции на оваа матрица е да обезбеди структура и насоки, да направи напор, да го поттикне и да му помогне на детето во неговата социјализација и развој на идентитетот (Stern, 1985). Семејството, исто така, е задолжено за пренесување на општествените вредностите што овозможуваат општеството да функционира како една целина, но во исто време мора да се обиде да создаде бариера против влијанието на општествените девијантни обрасци (Toby, 1957). Децата кои растат во внимателно и грижливо семејство, формирајќи сигурни

односи со возрасните, се опремени со здраво емоционално управување и други просоцијални вештини, кои им се од корист до крајот на нивниот живот (Национален научен совет за детето во развој, 2004). Од друга страна, младите израснати во нестабилни, насилни семејни средини имаат тенденција кон слаби вештини за решавање на проблемите и имаат проблеми во однесувањето (Derzon, 2010). Така, Барнс, Хофман, Велт, Фарел и Динчев (Barnes, G. M., Hoffman, J. H., Welte, J. W., Farrell, M. P., Dintcheff, B. A, 2006) истакнуваат дека родителите имаат најголемо влијание врз однесувањето на своите деца и дека од моментот на нивното раѓање, тие, преку нивното воспитување обликуваат однесувања кои се во согласност со општеството. Сепак, постојат одредени техники на родителство, кои имаат поголемо влијание врз однесувањето на децата.

Најголема е родителската поддршка, односно поддршката од родителите и однесувањето кон детето како што се давањето пофалби, охрабрувањето, како и наклонетоста, кои се јасни индикатори дека детето е ценето и сакано. Во повеќето студии е откриено дека поддршката од родителите го поврзува адолесцентот со институциите и ја гради неговата самоконтрола. Градењето на самоконтролата спречува формирање на девијантни однесувања. Ако родителот дејствува на негативен начин, поголема е веројатноста детето да го следи негативниот став на својот родител (Barnes et al., 2006). Родителите директно влијаат на девијантното однесување кај децата преку нивните техники на воспитување и структурата на семејството. Ефективното следење и поддршка, како и доследните казни се од витално значење за воспитување на детето. Кога овие области недостасуваат, поверојатно е адолесцентот да се сврти кон девијантно однесување. Родителите директно влијаат на структурата на семејството. Секој родител е модел за своето дете. Истражувањата за моделирање покажуваат дека, кога родителите се почитуваат и се главни извори на сила, поголема е веројатноста нивното дете да ги моделира (Simons, Whitbeck, Conger & Conger 1991).

## 2. Поим и специфики за семејството

Од Платон (Plato, 1934) до денес, семејството има незаменлива улога во однос на воспитувањето и воведувањето во животот на една млада личност. Семејството е првата референтна група во која младите ги примаат основните форми на социјализација и затоа со причина се нарекува „критички етиолошки фактор“ во поглед на адаптацијата во општествената средина. Оттука семејство во социјалната психологија се нарекува „колевка на личноста“ (Jašović, 1978).

Семејството, како социјална група, има многу обврски и функции кога се во прашање младите луѓе, нивниот развој и формирањето. Покрај обезбедувањето материјални и други објективни услови во животот на младите, семејството се јавува како една од примарните општествени групи во која се одвива процесот на воспитување и социјализација на младите. Во неа се остваруваат првите социјални допири и се втиснуваат основите на моралното, интелектуалното, физичкото, работното и естетското образование, со што во значителна мерка се одредуваат интелектуалното и општествено-моралното однесување на младите луѓе. Семејството, покрај тоа, игра многу важно преносна улога во социјализацијата на личноста, поврзувајќи го својот примарен семеен свет со светот надвор од него, внесувајќи во семејните односи позитивни вредности на целиот општествен систем во кој живее.

Семејството е институција во која се раѓа и се развива животот. Таа е лулка на животот. Семејството треба да им обезбеди услови на своите членови за раст и развој во текот на различните фази на животниот циклус. Доколку дојде до дезинтеграција на семејството, тоа започнува значително да влијае и на општеството. Општествените нарушувања можат да доведат до латентни конфликти и кризи во семејството. Дезинтегрираното семејство може да создаде индивидуи неспособни за интеграција во општественото опкружување, па така тие можат да станат превозници на социјална неорганизација и затоа можеме да кажеме дека дезинтегрираното семејство е причина и последица на општествената дезинтеграција.

Интегритетот на човекот, биолошки, општествено и ментално го претставува најголемото богатство со кое располага индивидуата. Насилството, кое го крши интегритетот на поединецот, отсекогаш било правно и морално санкционирано, во сите времиња и во сите социјални системи. Агресијата е основна особина на

однесувањето на луѓето во сите општествени уредувања. Благодарение на агресивното однесување на поединец или група, се менувале тековите на историјата на човечката раса, се воделе и се водат долги и бесмислени војни, се формираат промашени општествени системи, а милиони луѓе ја имаат загубено најголемата можна вредност – својот живот. Семејството, како основна заедница, ја менува нејзината форма преку историјата, но функциите кои ги извршува се оставени во основните позиции кои во моментов се актуелни и денес (Jašović, 1978).

Современото семејство има три клучни функции: биолошка, економска и психолошка. Според Јашовиќ (Jašović, 1978), од психолошка гледна точка, семејството можеме да го разбереме како заедница на блиски односи која поседува фундаментален квалитет, а тоа се емоциите.

Поволната емоционална клима во семејството придонесува за формирање на идентитетот на секој член, како и идентитетот на семејството како група. Семејниот идентитет не е збир на индивидуални идентитети, туку динамична променлива категорија со социјални, културни и психолошки карактеристики. Семејството е место каде што се раѓа и развива животот. Семејството е социјална група заснована на брак и крвни врски - роднини. Се смета дека семејството настанало за време на преминот од раниот во доцниот палеолит и тоа во онаа фаза на развој која се карактеризира со појава на пол. Развојот на семејството непрекинато го следи стеснување на кругот на неговите членови. Важноста на семејната социјализација е во тоа што децата не ги формираат своите личности само со свесното дејствување на родителите, туку и од секојдневниот семеен живот, а од контекстот на околината го прифаќаат она што им е неопходно. Особено големото значење на семејството се забележува кога се гледа физичкиот, психолошкиот и социјалниот развој на децата (Jašović, 1978).

Младите и адолесцентите се трудат да го усогласат своето однесување со однесувањето на нивните родителите, дури и во ситуации кога не се согласуваат со нивните ставови. Младите личности, чии родители се склони кон непотребни критики, казнувања, навреди и прекумерен надзор, стануваат нервозни, непослушни и повеќе се склони кон конфликти од секаков вид, за разлика од нивните врсници чии родители ги немаат овие карактеристики. Станува збор за стекнато однесување кое се пренесува од семејната атмосфера во околината. Добро е познато дека строгата дисциплина,

сама по себе, нема толку голем ефект како суровоста за време на спроведувањето на вака сфатената дисциплина, која по правило предизвикува антисоцијално однесување. Оваа теза е поткрепена со фактот дека адолесцентите кои се агресивни кон други, во исто време се непријателски расположени кон своите врсници. Семејните односи имаат влијание врз адолесцентите најмногу во следните области:

- Емоционално прилагодување: добрите родители создаваат емотивна стабилност и висока самодоверба кај адолесцентите. Отсуството на пријатна атмосфера во семејството влијае на лошото емоционално прилагодување и емоционалната нестабилност на адолесцентите. Особините на таткото се поважни за развојот на личноста на адолесцентите, отколку особините на мајките;

- Социјално однесување: добрите односи во семејството му дозволуваат на адолесцентот да биде прифатен од врсниците. Лошите семејни односи предизвикуваат голема агресивност кај адолесцентите кон врсниците, неприфаќање од страна на припадниците на нивниот и спротивниот пол;

- Успех на училиште и на работа: поголем успех на училиште покажуваат оние адолесценти кои имаат добри односи во семејството. Адолесцентите со помал успех во училиштето, по правило, се од семејства каде што има несогласување меѓу родителите и децата или оние чии родители се разведени;

- Општа адаптација кон општеството: кога семејството е среќно и задоволно, тогаш и адолесцентот се развива во општествено корисна личност, која не прави прекршоци во општеството. По правило, малолетните престапници имаат лоша семејната ситуација која ги придружува уште од раното детство;

- Независност на адолесцентите: ако семејните односи се добри, дотолку и адолесцентот е понезависен во своите постапки. Ако адолесцентот е сакано и прифатено дете, ќе биде послободен и понезависен од неговите родители.

Појавата на разни видови проблематично однесување отсекогаш била набљудувана, низ различни временски и културни перспективи, карактеристични за адолесцентната фаза на развој. Меѓутоа, под влијание на промените што ги носи модерното време, сведоци сме на вистинско проширување на ова однесување на сè помали возрасти.

Сликата на современата адолесценција е многу сложена, како поради нејзините универзални карактеристики на овој развоен период, кој носи многу предизвици и ризици, така и поради интензивните општествени промени, кои на модерната адолесценција ѝ даваат сосема нова димензија. Таквата основа претставува многу погодна почва за појава на разни видови проблематично однесување на младите, при што планирањето на превентивни мерки, активности и третмани се од клучно значење за етиологијата и природата на овој феномен, односно сите оние индивидуални и еколошки фактори кои придонесуваат за појава на проблематично однесување на оваа возраст. Семејните милји, освен позитивни, можат да имаат и негативни влијанија во процесот на формирање на нивните деца. Станува збор за семејства кои не овозможуваат позитивно воспитување, каде најмладите членови не ги стекнуваат потребните основи на морално образование, позитивните навики и склоности, каде животот на родителите и семејната атмосфера можат да им послужат само како негативен примерок. Најчестите причини за оваа семејна состојба се: тешки финансиски услови, алкохолизам, проституција, семејни кавги и несогласувања, напуштање на семејството, авантуризам и други социјални и семејни патологии.

Во нормални - здрави семејства, многу често, како етиолошки фактор, се јавуваат и грешки во воспитувањето на децата, имено: прекумерна строгост или попустливост, воспитна рамнодушност, претпоставки од едно дете на друго, искористување на децата, нервозно однесување на родителите и други грешки и пропусти во образованието, кои се неизбежни за нивниот нормален развој и кои можат да резултираат со социјално неприспособување на детето, односно каков било вид општествено неприфатливо однесување (Jašović, 1978). Многу научни трудови го идентификуваат слабиот надзор над децата како еден од најдобрите индивидуални фактори кои ја предвидуваат идната деликвенција. Родителскиот надзор се однесува на нивото на родителско следење на активностите на децата, како и на нивото на нивната претпазливост и будност. Лош родителски надзор, на пример, е незнаењето на родителите за детските излети, пријателите со кои се дружат, слободните активности надвор од семејниот дом, недостатокот на правила за излегување - доаѓање и заминување, а тие се најдобри фактори за прогнозирање на насилен криминалитет и имотен деликт. Денеска сретнуваме сè повеќе семејства во кои

односите се нарушени и несоодветни, а децата најмногу страдаат поради нивната ранлива природа. Растројството на брачните односи меѓу родителите е еден од факторите за девијантно отстапување, како кај родителите, така и кај децата и вообичаено е условено од постојани конфликти меѓу сопружниците, алкохолизам или криминално однесување, а сето тоа се рефлектира на целата семејна ситуација во вид на семејно насилство и разни облици на асоцијално однесување на децата.

Насилството во семејството претставува исклучително тежок и широко распространет негативен општествен феномен. Најопасниот облик на семејно насилство е оној што се врши врз децата, а како посебни форми на насилство се сметаат запоставувањето, напуштањето на детето и физичката казна, но сериозни последици оставаат и вербалните конфликти и емоционалните недоразбирања. Поверојатно е дека детето кое расте во семејство кое има асоцијален тип на однесување кој им е составен дел од животот, да стане деликвент. Насилното однесување на поединецот не мора секогаш да биде резултат на агресивна природа или на некое психолошко нарушување или траума, едноставно, тоа може да биде научено. Токму тука се крие и најтемната последица од семејното насилство, бидејќи поединецот може да го преземе моделот на однесување на неговите родители и да го продолжи синџирот на насилство во семејството.

Структурната целина на семејството, без какво било сомневање, претставува значаен предуслов за неговата функционална адекватност. Спротивно на тоа, нарушувањата во составот на семејствата и другите неповолности во неговата структура имаат негативно влијание врз целиот семеен систем и неговото функционирање. Таквите елементи, директно или преку слабеењето на семејните функции, по правило, имаат негативен ефект врз развојот и социјализацијата на младиот човек во семејната група. Според Херера (Herrera, 1997), како социјална група, секое семејство треба да извршува некои основни функции:

- Биолошка, односно секое општество воспоставува збир на правила кои ги регулираат репродуктивните активности на неговите возрасни членови. Семејството е еден од општествено прифатените модели;

- Економска, се однесува на одржување на непродуктивните членови во семејството, односно мали деца и постари лица. Економската функција на семејството се однесува и на поделбата на домашните задачи, така што тоа е подготовка и за следното влегување во светот на работата;

- Едукативно - социјализирачка, семејството е првото место каде започнува социјализацијата и има задача да им го пренесе на новите генерации системот на вредности и начинот на вршење на работите, да ги подготви новите членови за вклучување во општеството и да ги научи да ги почитуваат дадените правила во општеството;

- Психолошката функција се однесува на задоволување на емоционалните и интелектуалните потреби на секој нејзин член. Семејството е јадрото во кое луѓето мора да се чувствуваат прифатено, почитувано и заштитено.

Ова значи дека семејството не само што треба да биде способно да ги задоволи потребите на своите членови, тоа е должно да им обезбеди емоционална поддршка на членовите и да се осигури дека тие максимално го користат својот потенцијал како поединци (Herrera, 1997).

За социјалното однесување на децата пресудно е влијанието на нивните родители и воспитните процедури, кои се разликуваат во зависност од правилата на родителите кои ги поставиле и како тие се спроведуваат, дали им даваат потврда на децата, дали ги охрабруваат да се развиваат, дали овозможуваат структура и предвидливост во животот на децата. Родителите кое комбинираат високо ниво на топлина и разбирање, од една страна, зрело однесување (според возраста на децата) од друга страна, се на добар пат да оформат емоционално здрави и стабилни личности. Семејството е главен извор на просоцијални норми. Ако со воспитувањето и општата атмосфера во семејството се воспоставени интимни и цврсти односи внатре, во него, детето од семејството ќе усвојува такви позитивни норми. Исто така, ако семејството е дисфункционално и неговите членови покажуваат девијантни однесувања (на пр. агресивно однесување, криминал, алкохолизам или земање на дрога), децата, во процесот на учење, преку моделот на однесување, ќе усвојат такви однесувања. Природно е да се бараат детерминантите на деликвентното однесување во

нарушувањето и во другите недостатоци на структурата на семејството. Несомнено, најизразени негативни последици за семејството и социјализацијата на младите има распаѓањето на составот на семејството. На крај, можеме да кажеме дека криминогените влијанија на семејството, без разлика на тоа колку потекнуваат од него како општествена група, не се, ниту можат да бидат исклучиво прашање на семејството. Некои од нив се резултат на поширoки услови во кои се наоѓа семејството и неговите возрасни членови, па тоа е немоќно само да ги надмине.

## 2.1.**Дефинирање на семејството**

Според социолозите, семејството е интимна домашна група на луѓе, поврзани едни со други преку крвни, сексуални или правни врски. Тоа е многу отпорна општествена единица, која опстанала и се приспособила низ времето. Семејството е примарна институција, каде детето за прв пат ги осознава основните вредности и норми на културата во која ќе порасне. Терминот „дете“ е дефиниран во членот 1 од Конвенцијата за правата на детето која гласи: „Во оваа Конвенција под дете се подразбира секое човечко суштество на возраст под 18 години, освен ако според законот што се применува за дете, полнолетството не се стекнува порано“.

При проучувањето на карактеристиките на личноста и однесувањето на децата и малолетниците, неопходно е да се има предвид дека се работи за лица кои се во физички, психички и социјален развој и дека малолетниците не се „мали луѓе“. Набљудувајќи го временскиот тек на овие три сегменти од развојот на личноста, генерално може да се истакне дека прво завршува физичкиот развој, потоа следува психолошкиот, додека општествениот развој може да биде најбавен. Оваа го дефинира животниот период во социолошка смисла, како фаза во која човекот повеќе не е во улога на дете, а сè уште ја нема и улогата на возрасен. Младите се во фаза на транзиција од социјалната положба на детето до социјалната положба на возрасен. Тоа е период на големи и значајни тензии во кои се напушта детството, за да се стекне зрелост и нова социјална положба.

Детето треба внимателно да се негува, ужива и да се обликува во одговорна личност со добри вредности и силна етика. Затоа, важно е да им се обезбеди најдобра грижа за децата да пораснат во физички, ментално и емоционално силни личности. Семејството

е првата „педагошка арена“ за воспитување и формирање на младите членови во општеството, каде што се смета за примарна социјална функција. Тоа е првата социјална средина во која детето го отпочнува својот живот и развој. Тоа е основната општествена клетка, клучен фактор за развојот на една индивидуа, за иден општествен развој. Тоа е првата средина и најважната примарна група во која детето се воспитува, социјализира, ги стекнува првите навики (културни, хигиенски,) ги учи моралните норми и вредности, кои во иднина ќе бидат показател за неговиот морален и вредносен дискурс. Семејствата се едни од најсилните социјални установи во животот. Тие ги учат децата да го контролираат неприфатливото однесување и да ги почитуваат правата на другите. Во спротивно, тие можат и да ги научат децата на агресија, антисоцијалност и насилно однесување (Wright & Wright 1994). Семејството служи како природен систем за поддршка и бариера против надворешните сили кои се обидуваат негативно да влијаат врз децата (Stern, 1984). Родителите имаат големо влијание врз децата, во нивното обликување во возрасни личности. Особено важна е трансмисионата улога на семејството во социјализацијата на личноста. Ова трансмисиона улога се состои во поврзување на примарниот семеен свет со светот надвор од семејството, а од друга страна, поврзување на надворешниот свет со семејството. На овој начин, во семејните односи се внесуваат социјално позитивните вредности. Во процесот на социјализација, личниот пример во семејството игра многу важна улога, затоа што децата се природно ориентирани кон своите родители, кои им претставуваат „пример“, како за однесување, така и за заземање на ставови за одредени прашања со кои ќе се соочуваат во животот.

Период во кој секое семејство се соочува со најмногу предизвици е периодот на адолесценција, каде целосно се менуваат во поинакви личности и се соочуваат со нови ситуации и проблеми, па родителите мора целосно да бидат ангажирани во секојдневието на децата, за да бидат насочени по правиот пат и за да не подлегнат на предизвиците кои со себе ги носи адолесцентското време. Концептот на адолесценцијата, како составен дел од животот на секое дете, како период во психолошкиот развој на една личност, потекнува во модерното општество. Во далечното минато, во попримитивните општества, адолесцентниот период го

означувал крајот на детството и влегувањето во светот на возрасните. Во тоа време, младиот човек ги преземал должностите, но и правата на возрасните.

Во таквите општества, анатомско-физиолошката, па и сексуалната зрелост се поистоветуваат со психолошката и социјалната зрелост (тогаш тоа било можно поради релативно едноставната организација на општеството). Но, животот на младите во современото општество е многу покомплексен, па дури и фактот дека адолесцентот е анатомски и физиолошки зрел, не значи дека во исто време е зрел и психолошки, а особено не социјално или дека е економски независен.

## 2.2.**Структура на семејството**

Семејната динамика е клучен дел од развојот на адолесцентот. Толку многу улоги има родителот кога треба да се дејствува, за децата да имаат непречена транзиција во нивните адолесцентни години. На пример, традиционално семејство (т.е. во брак, 2 биолошки родитела) е средина во која и двајцата родители се дел од животот на нивното дете. Мајката го презема емотивниот дел од развојот во адолесцентната фаза, додека таткото обично се фокусира на однесувањето на адолесцентот. Мајката делува како примарен негувател на детето, помагајќи му во неговите секојдневни потреби, додека таткото обично ја презема улогата на хранител и шеф на домаќинство (Maurya, Parasar, & Sharman, 2015).

Џуби и Фарингтон (Juby & Farrington, 2001), во лонгитудинално истражување на 411 учесници, откриле дека деликвентното однесување било повисоко кај адолесцентите кои живееле во домаќинство со еден родител. Адолесцентите кои живеат во домаќинство со два родитела имаат способност да развиваат попозитивни, прогресивни исходи од адолесцентите кои живеат во домаќинство со еден родител.

Маурја, Парасар и Шарман (Maurya, Parasar, & Sharman, 2015), се обидуваат да објаснат дека родителите треба да се погрижат и двајцата да поминуваат квалитетно време со своите деца, да развијат врска и да се надгледуваат еден со друг при воспоставување на нивна дисциплина. Не само што домот со два родитела е покорисен за развојот на адолесцентот, ова значи и дека домот со двајца родители има два прихода. Овие традиционални семејства се економски постабилни, што ги

ограничува нивните стресни фактори. Домаќинствата со два родитела во Соединетите Американски Држави  имаат повеќе бенефиции (како што се повисоки приходи), високо образование, стабилно вработување и пристап до бенефиции, како здравствено осигурување, отколку домаќинствата со самохран родител (Reczek, Spiker, Liu, & Crosnoe, 2016).

Од друга страна, домаќинствата со самохрани родители се повеќе изложени на социјален, емоционален и економски ризик. Оваа социоекономска неповолност може да го зголеми стресот кај самохраните родители. Семејствата со самохрани родители имаат потешкотии при справување со стресот кој, зголемен од економските предизвици, може да предизвика напнатост помеѓу родителот и адолесцентот (Behere, Basnet, & Campbell, 2017). Семејствата со еден родител најчесто се соочуваат со сиромаштија. Се проценува дека 50% од еднородителските семејства се соочуваат со сиромаштија, додека само 5% од семејствата со два родитела се погодени од сиромаштија (Behere, Basnet, & Campbell, 2017). Поради овие финансиски предизвици и стресни фактори, ова може да предизвика родителот да работи повеќе часови и да стане социјално изолиран. Ова придонесува родителот да усвои помалку инволвиран родителски стил. Кога родителот станува помалку вклучен, адолесцентите имаат тенденција да бидат помалку надгледувани.

Амато и Патерсон (Amato & Patterson, 2017) објавија дека адолесцентите кои се без надзор имаат послаби училишни перформанси. Зголемена е можноста да бидат тинејџери-родители и да се впуштаат во однесување со поголем ризик, отколку адолесцентите кои се воспитувани во домаќинство со два родитела. Промените во структурата на семејството можат да ја нарушат рамнотежата на овие адолесценти, да бидат причина за чести тригери на емоционална вознемиреност, која може да влијае на нивниот развој како личност (Alami, Khosravan, Sadegh Moghadam, Pakravan & Hosseini, 2014).

Меѓутоа, структурата на семејството се менува во текот на изминатите децении. Драстично се зголемуваат разводите и домаќинствата со самохрани родители, кои побегнале од структурата на нуклеарно семејство. Приближно една третина од децата се родени од самохрани мајки или во одреден момент од нивниот живот ќе бидат

израснати во домаќинство со самохран родител (Demuth & Brown, 2004). Домаќинствата со самохрани родители создаваат адолесценти кои покажуваат повисоки нивоа на агресивност, пркос, деликвентно однесување и проблеми со менталното здравје. Истражувачите Прајс и Кунц (Price & Kunz, 2003), во направена мета-анализа на 72 адолесценти - учесници, откриле кои адолесценти се од разведени домови и имаат повисоки нивоа на деликвенција. Ова покажува дека постои јасна врска помеѓу проблематичното однесување на адолесцентите и нивната семејна структура.

### 2.3.**Функционалност на семејството**

Функционалното семејство гарантира негување на здрава семејна динамика и одржување на безбедна семејна средина. Во здравото семејство, покрај безбедноста, има љубов и почит еден кон друг. За да се постигне ова, родителите или членовите на семејството поставуваат граници. Иако во теорија ова звучи лесно, редовната пракса е од суштинско значење. Комуникацијата има врвен приоритет. Во здраво семејство постои високо ниво на разбирање. Членовите на семејството ги проценуваат ситуациите без осудување и секој има еднаква можност да се изрази. Сето ова придонесува за здрава динамика. Прифаќањето е еден од знаците за здрава семејна динамика. Во здравите семејства, членовите се прифаќаат едни со други, но не толерираат никаква злоупотреба или агресивно однесување. Возрасните го прифаќаат изборот на децата. На пример, ако еден од родителите е феноменален во некоја област, а децата не се, тоа не значи дека тие помалку ќе ги сакаат или почитуваат. Наместо тоа, тие ќе продолжат да ги охрабруваат да дадат сè од себе за она што го сакаат (MacArthur, 2005).

Во здраво семејство, поправањето на нарушените односи е висок приоритет. Затоа, основата на таквата семејна динамика е уште посилна. Ако има ранлив член на семејството, како што е ментално болно или проблематично дете, во здраво семејство тој добива изобилство љубов, сочувство и разбирање. Во здравото семејство секој член е вклучен во заедничка работа и игра, според своите можности. Кога родителите си играат со децата, тоа може позитивно да влијае на когнитивниот развој на детето, но и да разговараат и да ги третираат децата како рамноправни членови на

семејството. Соодветното определување на одговорностите по оската на возраста и флексибилноста, исто така, укажува на здрава семејна динамика.

Една од најважните работи е дека во здравото семејство секогаш има простор за прошка. Социјалната поддршка што ја дава семејството позитивно влијае на поединецот. Блиските односи во  семејство се столб за формирање на поединецот во здрава личност, обезбедувајќи му емоционална и финансиска поддршка. Децата што живеат со своите биолошки родители уживаат поголема емоционална благосостојба, како во детството, така и во зрелоста, но и подоцна, кога ќе го напуштат домот и ќе формираат свои врски и семејства. Исто така, многу ќе значи за нивниот развој доколку видат дека нивните родители работат на конструктивен начин за да ги решат брачните проблеми (MacArthur, 2005).

### 2.3.1.**Карактеристики на  функционалното семејство**

Семејствата не мора да бидат совршени или идилични за да бидат функционални. Не се исклучуваат  расправии, а и децата веројатно понекогаш ќе ги прекршат правилата. Но, во добро функционално семејство, овие пропусти не доведуваат до злоупотреба или раздор во семејниот дом. Ова се неколку специфичности според МекАртур (MacArthur, 2005) за функционалните семејства:

-Уживаат во времето поминато заедно: тие можат да се забавуваат и покрај секојдневниот стрес и обврски;

-Јасно се дефинирани правилата и улогите: во најголем дел, секој член на семејството се држи до правилата. Но, клучна карактеристика на функционалното семејство е тоа што правилата се флексибилни и можат да се менуваат, како што членовите на семејството растат и се менуваат. Дел од овие воспоставени правила е дека постојат граници. На пример, децата не се вовлекуваат во конфликтот помеѓу родителите. И родителите не се обидуваат да се однесуваат како врсниците на нивните деца;

-Меѓусебно се прифаќаат и почитуваат. Возрасните се почитуваат како одговорни луѓе, но децата се почитуваат и како поединци со свои личности и желби. Секое дете се третира подеднакво, а браќата и сестрите не се принудени да се натпреваруваат едни против други за љубовта на нивните родители;

-Нема злоупотреба и запоставување: Родителите обезбедуваат грижа за своите деца, а од нив не се очекува да преземат одговорност за возрасните. Секој член на семејството се чувствува безбедно, а домот е ослободен од насилство (физичко и психичко);

-Се впуштаат во здрав конфликт: Конфликтот е дозволен во функционалното семејство. Кога некој не се согласува, дозволено му е да го изрази својот гнев, на културен начин, со почит. Никој не се срами поради тоа што доживеал конфликт или соодветна емоција;

-Ги слави индивидуалните разлики: Членовите на семејството се охрабруваат да имаат свои чувства за работите. Семејството може да се промени - вклучувајќи ги родителите и децата - без никој да се вознемири. Секој човек е слободен да се стреми кон своите индивидуални цели и да ги изразува своите потреби.

2.4. **Дисфункционално семејство - негативни ефекти врз развој на детето**

Терминот „дисфункционално“ се однесува на нешто што функционира погрешно или воопшто не функционира. За разлика од функционалноста, во еден семеен систем, многу е полесно да се разбере што претставува терминот дисфункционалност. Ако се тргне од почетната состојба дека секоја промена во текот на животниот циклус на едно семејство предизвикува стрес, кој е нејзин неминовен придружник, тогаш дисфункционалното семејство ќе претставува „семејство кое не е способно да се прилагоди на новонастанатите услови на живот и не може да се соочи со стресот без поголеми последици“ (Savignac, 2009). Во таквите семејства има крајност во поврзаноста на нејзините членови, така што границите меѓу членовите се избришани или членовите се многу далеку од едни од други. Границата кон „надворешниот свет“, исто така, не е јасно пропустлива.

Дисфункционалното семејство е најчесто изолирано од надворешниот свет, без јасно формиран семеен идентитет со неприлагодливи и строги правила или, пак, границите се отворени за некритично прифаќање на сè што доаѓа од надворешниот свет. Комуникацијата е нејасна, конфузна и контрадикторна, пораките не се слушаат или не се прифаќаат и постои само минимална вербална размена со чести мистификации. Тоа

се семејства кои не добиваат позитивно воспитување, најмладите членови не се здобиваат со потребните основи на морално образование, позитивни навики и тенденции во животот, а родителите и семејната атмосфера можат да послужат како негативен пример за нивното однесување. Честа причина за таков статус на семејството се: тешки материјални услови, алкохолизам, проституција, семејни недоразбирања и несогласувања, напуштање на семејството, авантуризам и другите феномени на општествено-семејна патологија (Nadra, 2023).

Денес, ние сè повеќе се соочуваме со семејства каде што односите се нарушени и нескладни, а заради нивната ранлива природа оние што најмногу страдаат се децата. Нарушувањето на брачните односи е еден од факторите за девијантност, како кај родителите, така и кај децата и обично е условено со постојани конфликти на брачните другари, алкохолизам или криминално однесување, а тоа се одразува на целокупната семејна ситуација во вид на семејно насилство и разни облици на асоцијално однесување на децата. Разделбата, разводот или смрт на еден или двајцата родители можат да бидат причини за семејството да биде со еден родител. Ова им отежнува на родителите да им помогнат на децата во развојот на самоконтролата, која вклучува следење на однесувањето, препознавање на девијантното однесување и казнување за вклучување во девијантното однесување (Owens Sabir, 2007). Оние адолесценти кои потекнуваат од семејства со самохрани родители имаат недостиг на семејна поврзаност или близина, а тоа најчесто води до барање поддршка или одобрување од другите врсници. Нарушувањето во структурата на семејството може да ја ослаби врската родител - дете, што значи дека тоа ќе помине низ адолесценцијата со изгубена семејна кохезија и назначен пркос (Owens Sabir, 2007). Најчесто, овие адолесценти се на добар пат да застранат од правилата и да се трансформираат во девијантни личности.

Дисфункционалното семејство често не им дозволува на поединечните членови да ги изразат своите емоции или потреби. Постои општо чувство на напнатост во семејството. Семејствата можат да бидат нефункционални поради неколку причини. Тоа понекогаш може да биде затоа што еден или двајцата родители живеат со некаков вид зависност, состојба на ментално здравје или растројство на личноста (како нарцисоидно растројство на личноста).

Во други наврати, семејството може да стане нефункционално бидејќи едно од децата има емоционални тешкотии или тешкотии во однесувањето и семејството почнува да се врти околу ова дете. Но, дисфункционалните семејства обично не се предизвикани само од едно лице, иако зависноста или однесувањето на една личност може многу да придонесе. Теоријата на семејните системи вели дека семејството е сложен систем во кој секој член му влијае на другиот. Значи, наместо да се обвинува едно лице, можеби е покорисно да се дознаат основните интеракции кои можеби придонеле за таа дисфункција.

2.4.1. **Карактеристики на дисфункционално семејство**

Голем е бројот на семејства кои не ги исполнуваат своите социјални, воспитни, заштитни, емоционални или економски функции и улоги. Дел од родителите не успеваат соодветно да се прилагодат на условите на социјална криза, конфузија и изопачување на вредностите. Па дури и во семејства со релативно стабилни односи, вкупните општествени околности влијаат за младите да се чувствуваат дезориентирани, безнадежни и отуѓени. Во практиката на социјалните служби и образовните институции, многу јасно се забележува големото влијание на семејството врз појавата на деликвенција и ризично и девијантно однесување на младите. Општиот семеен контекст на девијација на младите е поврзан со социоматеријални фрустрации и сиромаштија. Многу истражувања покажуваат дека во услови на социјална криза постоеле нарушувања во односите, функциите и структурата на семејството.

Манифестацијата на девијантно однесување кај младите е индиректно поврзана со односот родителство-сиромаштија. Родителството е навистина „уметност на љубов и дисциплина“, дури и под најдобри можни околности и во најстимулативна средина. За родителите кои живеат во сиромаштија и со ниски примања (кои обично се надополнуваат и со други животни тешкотии), родителството е особено тешка „задача“ (Milosavljevic & Jugovic, 2009).

Дисфункционалното семејство е затворен систем со крути и строги правила. Различноста не е дозволена, а на членовите на семејството им е забрането да разговараат за семејни настани меѓу себе или со луѓе надвор од семејството. Некои

семејства се крајно изолирани и немаат речиси никаква интеракција со околината. Други одржуваат постојана интеракција, но на формално ниво, каде што одредена слика за семејството се одржува во јавноста, но не и она што навистина се случува во него. Ригидните правила се во функција на одржување на нефункционално, но безбедно семејно однесување, а не во функција на потребите на неговите членови. Правилата се строги, понекогаш сосема ирационални, а грешките не се дозволени. Тие често не се јасно вербализирани, но постојано се чувствуваат невербално (Pavlovic, 2007). На пример, негативните родителски практики сè повеќе се поврзани со проблематичното однесување кај адолесцентите со ниско ниво на контрола на однесувањето (Van Leeuwen, Merviielde, Braet, & Bosmans, 2004). Она што е карактеристично за ваквите семејства, според Ал Убаиди (Al Ubaidi, 2017) е дека:

- еден или двајцата родители живеат со нарушување т.е. употреба на супстанци или состојба на ментално здравје што ги спречува да бидат способни да родителат на здрав начин;
- децата се „родителски настроени“ и преземаат премногу обврски (како што е грижата за болен родител);
- родителите се отсутни, па децата се оставени сами да се снаоѓаат;
- има насилство во семејството (на пр., децата се злоупотребени или има злоупотреба на партнерот меѓу родителите);
- нема јасни граници или правила во семејството, што доведува до хаос и запоставување;
- со семејството управува еден доминантен член, кој не ги зема предвид желбите или потребите на другите членови;
- нема демонстрација на љубов или наклонетост меѓу членовите на семејството, што понекогаш може да значи дека во таков систем биле израснати;
- членовите на семејството навлегуваат меѓусебно во личната приватност без согласност (како што се родителите кои  го читаат дневникот на детето;
- комуникацијата е задушена, а на децата не им е дозволено да се изразуваат;
- децата се користат како оружје или пиони, или едни против други, или во расправии на родителите;

- има физичка, сексуална или емоционална злоупотреба;
- родителите очекуваат совршенство од своите деца;
- се очекува придржување кон авторитарните правила без флексибилност.

Семејното насилство е исклучително тешка и многу распространета негативна општествена појава. Најопасен вид на семејното насилство е она што се врши над децата, а како посебен облик на насилство врз децата се смета занемарувањето, напуштањето и физичкото казнување или, исто така, тешки последици оставаат вербалните конфликти и емоционалните недоразбирања. Поверојатно е дека дете кое расте во семејство каде што антисоцијалното однесување е составен дел од животот станува деликвент. Насилното однесување на поединецот не мора секогаш да биде резултат на агресивната природа на човекот или, пак, на ментална болест или траума, тоа, едноставно, може да биде научено. Токму тука се крие најтемната последица на насилство во семејството, бидејќи поединецот може да го преземе моделот на однесување од своите родители и да продолжи со синџирот на семејно насилство.

Исто така, ако семејството е нефункционално и неговите членови покажуваат девијантно однесување (на пр. агресивно однесување, криминал, алкохолизам или употреба на дрога), во процесот на учење децата ќе го прифатат таквиот модел на однесување. Се разбира, детерминантите на деликвентното однесување се бараат во нарушувањето и другите недостатоци на семејната структура. Без сомневање, најизразени негативни последици за семејството и социјализацијата на младите е разореноста на семејниот состав. Улогата на родителите во развојот на децата, стиловите на воспитување и влијанието на меѓусебните односи се клучни за тоа во каква личност ќе се формира детето. Целта на секој родител треба да биде да воспитува среќни, здрави, добро воспитани деца, кои ќе пораснат и станат успешни возрасни луѓе со силни врски и исполнети животи.

## 2.5. Видови на родителски стилови

Стиловите на воспитување се главен фактор во развојот на децата. Начинот на кој родителите комуницираат со своето дете има значително влијание врз однесувањето на детето и може да има влијание и врз неговото ментално здравје. Стиловите на родителство имаат огромен ефект врз тоа како се однесуваат децата. Постојат четири главни типови на родителски стилови кои постојат во денешно време. Авторитарни, авторитативни, попустливи и неинволвирани (рамнодушни или незаинтересирани).

1. Авторитарните родители, според Дијана Баурминд (Baumrind, 1960), користат строги правила и казни за непослушност; тие исто така имаат тенденција да бараат почит од нивните деца. Децата израснати од авторитарни родители генерално имаат послаби социјални вештини, бидејќи родителите им кажуваат како треба да се однесуваат, наместо да го остават самото тоа да искуси и избере. Овој стил се карактеризира според високите барања на родителите од детето и нечувствителноста за неговите потреби. Во односот со децата го користат својот авторитет и сила. Овој тип на родители од децата бара послушност без објаснување и фокусирани се на статусот. Поради наметнувањата и високите барања, децата на овој тип родители најчесто се подложни на самоубиствени мисли кои за нив претставуваат единствен излез, бегство од таквата ситуација.

Авторитарните родители моќта ја вреднуваат како доблест, имаат многу барања и сакаат дисциплина, а имаат сиромашна комуникација и малку љубов. Децата на овој тип родители покажале позитивни резултати, односно биле совесни, мирни, послушни, но не биле среќни. Најчесто биле депресивни, со чувство на вина и се обвинувале самите себе кога нешто не оди како што треба. Во адолесценција најчесто се бунтовни, со тенденција да го напуштат домот. Познати се и по следните особини: повлеченост, анксиозност, по природа најчесто се несреќни и исплашени. Тие се:

- бунтовни во адолесценција и се идентификуваат со насилниот родител;
- тешко одржуваат и остваруваат пријателства;

- најчесто се вознемирени поради неуспех;

- поради страв од казни постигнуваат добар училишен успех;

- слаби реакции на фрустрација.

2. Авторитативните родители (Baumrind, 1960) поставуваат јасни граници, но дозволуваат преговарање; тие, исто така, поттикнуваат независност и самодоверба кај своите деца. Во истражувањата се покажало дека авторитативното родителство има позитивни ефекти врз однесувањето на децата. Овој стил се карактеризира со реални барања, проследени со образложување, но, исто така, нормите и правилата на однесување се јасно дефинирани. Овој тип на родител е цврст, но не и ригиден. Исто така, наречен е демократичен или балансиран. Авторитативните родители ја почитуваат посебноста на детето, се грижат за неговите чувства и за проблемите кои детето ги има, одговараат на потребите на детето, но поставуваат јасни граници на однесување и не се попустливи кон децата. Им помагаат да најдат соодветни решенија за проблемите и ги поттикнуваат децата да бидат независни, но сепак водат контрола и поставуваат ограничување за нивните активности. Авторитативните родители се обидуваат да бидат топли и природни со детето, а вербалното давање и земање не е ограничено.

Овој тип на родители создава независни и самоуверени деца. Иако се јасно поставени стандардите и границите, сепак водат контрола и ги надгледуваат поставените граници, а децата се пуштени слободно да ја развијат својата автономија. Казнувањето е одмерено и ненасилно, а кога ги казнуваат своите деца им го објаснуваат мотивот за кој се казнети и бараат зрелост од детето за своите акции. Авторитативните родители даваат одмерена доза на љубов, барања, дисциплина и комуникација, го охрабруваат разговорот и размената на мислење, а, сепак, доколку детето одбие, ја почитуваат неговата одлука, со што тоа ја задржува својата анатомија. Полни се со топлина, разбирање, постојани се, така што детето знае што се очекува од него, бидејќи може да предвиди, според начинот на кој се однесуваат кон него. Децата на авторитативните родители се среќни, дарежливи, успешни, со добра самоконтрола.

Особини коишто ги пратат овие деца се:

- самоуверено и среќно дете;

- самопочит и самодоверба;
- добри комуникациски вештини, се докажува со аргумент, чесно е и праведно, носи самостојни одлуки;
- способност за совладување на предизвикувачки задачи;
- остварува и одржува пријателства;
- добри училишни успеси;
- ги контролира своите емоции;
- почитува авторитети;
- развиени социјални вештини.

3. Попустливите (пермисивни) родители според Баурминд (Baumrind, 1960) спроведуваат малку ограничувања или дисциплина за лошото однесување. Попустливите родители се поблаги и помалку бараат, а се поосетливи на барањата на децата. Овој тип на родителство може да биде корисно за некои деца додека растат, но, исто така, може да доведе до проблеми со самоконтролата, дисциплината и сл. Овде не се јасно дефинирани границите и правилата, иако се полни со љубов и разбирање и се емоционално топли, сепак не се поттикнува почитување на границите и правилата.

Овој тип на родители се добри негуватели, го прифаќаат детето и имаат чувствителност за неговите барања и потреби, но не го научуваат да го контролира и регулира своето однесување во согласност со ситуацијата. Ова однесување доведува да тоа детето да биде разгалено, импулсивно, да има недолично однесување, со тенденција да злоупотребува дрога. Овие деца не се научени да се контролираат самите и своето однесување и секогаш го следат својот пат. Созреваат брзо и се способни сами да го живеат животот без помош од некој друг. Пермисивните родители имаат малку барања од своите деца, слаба дисциплина и комуникација и иако им даваат нежност, тие ги заштитуваат децата, но им даваат голема слобода со што се доведуваат до тоа да немаат одговорност за детскиот развој. Овие деца најчесто се несреќни, емоционално несозреани и без самоконтрола, па ги следат следните особини:

- не прифаќаат НЕ за одговор;

- бунтовни и пркосни кога се предизвикани или кога сакаат да биде сè по нивно;
- лесно се фрустрираат, слаба контрола на емоциите и темпераментот;
- слаба концентрација и внимание;
- асоцијално однесување поради немање прифатени правила и слаб морален развој, не се прифатени во врсничката група;
- со тешкотија ги завршуваат училишните задачи.

4. Невклучените (занемарувачки тип) родители, според Еленор МекКоби и Џон Мартин (Maccoby & Martin, 1983), нудат малку насоки или поддршка за животот на детето надвор од домот и се карактеризираат со недостаток на одговор за потребите на детето. Невклученото родителство може да доведе до деца кои имаат поголема веројатност да се вклучат во ризично однесување и да имаат пониска самодоверба. Овој стил на родители не им покажува топлина и емоционалност на децата, не поставува никакви ограничувања, со што и се нарекува бесчувствителен, отфрлувачки, рамнодушен тип на родителство. Се наоѓаат ниско на скалата на топлина, не му се наметнуваат на детето, не поставуваат граници и не се вклучени во животот на детето, со што се игнорираат неговите мисли и чувства. Секој аспект од животот на своите родители е побитен отколку животот на детето. Најчесто овие деца се премногу самозаштитнички настроени и настојуваат да бидат помалку зависни од своите родители, за да имаат чувство на независност, и покрај годините што ги имаат.

Децата воспитани од последните три типа родителски фигури често покажуваат различно однесување од оние што ги воспитуваат авторитативните, бидејќи има помала конзистентност помеѓу она што се очекува дома, наспроти училиштето или другите општествени средини. Децата со попустливи родители можеби не се секогаш под директен надзор од возрасните, кои се грижат за нив доволно длабоко, за доследно да ги спроведуваат очекувањата од однесувањето во сите контексти во кои се наоѓаат во интеракција со другите. Децата со неинволвиран родителски стил често имаат поголема веројатност да развијат проблеми со менталното здравје, како што се депресија или анксиозни нарушувања. Исто така, се покажало дека доведува до намалени когнитивни вештини кај децата.

Децата и родителите често покажуваат контрадикторно однесување. Децата станувааt емоционално недостапни и повлечени со што овој оштетен „атачмент" на ист начин влијае на нивните понатамошни врски. Во адолесценција се склони кон деликвентни однесувања, не покажуваат адекватно однесување во социјална интеракција и се со висок степен на незадоволство.

### 3. Поим за општествени девијации и девијантно поведение

Терминот наука за општествени девијации се користи како поим за социјалната патологија која настанала во втората половина на 19-тиот век и доаѓа од латинско-грчкиот збор/јазик (socius - општествен, patos - болест, logos - наука), што во превод значи наука за општествените болести. Поимот социјална патологија подразбира збир на општествени појави на кои им е заедничко отстапувањето од општествените норми и вредности. Основач на овој правец е Емил Диркем (Durkheim, 1895). Терминот социјална патологија се користи за сите општествено неприфатливи, несакани и негативни појави во некој простор и време. Социјалната патологија влијае на општеството и на неговите институции и организации во целина. Меѓутоа, самиот поим социјален проблем означува каков било проблем кој има социјално потекло, влијаејќи на најмалку две лица, кој оди подалеку од психолошко и физиолошко ниво (Kornblum & Julian, 1995).

Како поттик за основање и развој на науката за општествените девијации посебно се издвојуваат работничкото и феминистичкото движење. Феминистичкото движење значително придонело за зголемување на интересот на јавноста и истражувањето на социјалната положба, проблемите и девијациите со кои се соочувале жените, давајќи целокупно разбирање за општествените девијации. Како што постојат различни називи за науката за општествените девијации, така и предметот на оваа наука различно се дефинира. Тоа е наука која се занимава со проучување на оние општествени појави во кои постои значителна неусогласеност помеѓу прифатените општествени стандарди и постоечката општествена состојба. Според Бошковиќ (Boskovic, 2002), предмет на оваа наука се:

- девијантно однесување - тоа е однесување на луѓето кои во значителна мерка отстапува од општо прифатените општествени норми и вредности и предизвикуваат општествена реакција на не одобрување;
- општествена дезорганизација - претставува секаков вид или степен на слабеење или дезинтеграција на формалните и неформалните обрасци на општествените односи на кои се заснова организацијата на група, активност или институција;
- општествена реакција - претставува објаснување за различни општествени мерки за превенција, намалување и елиминирање на девијантните општествени појави.

Основни карактеристики на општествените девијации, кои ги прават општествен феномен се: кршење на нормите со кои се воспоставува општествениот однос и општествените причини за поставеноста на нормите и правилата за правилно функционирање на општеството. Заедничко на сите што се обележани како девијантни е тоа што трпат репресија, а самите носители на девијација се општествено стигматизирани, па затоа девијациите се сметаат за обезвреднето однесување. За полесно да се утврди нивната цел, разликуваме три врсти на девијација:

- системски - чиј интерес е да се задржи власта, а како носители се јавуваат владејачките слоеви и припадниците на државниот апарат;
- адаптивни - кои како начин на прилагодување бараат кршење на нормите;
- неконформистички - каде за цел имаат проширување на достигнатиот степен на слобода.

За девијантно однесување  (lat. *devians*, според deviare: скршнување од патот), се смета секое однесување кое отстапува од општествено дадениот или најпосакуваниот облик на однесување, спротивно на конформизмот. Девијантното однесување опфаќа голем број општествени однесувања чии облици се третираат нееднакво во различни култури и во законодавството на различни земји. Нешто што во конзервативните општествени средини е морално или законски недозволиво (на пр. пушење, алкохол, дрога, хомосексуалност, проституција итн.), во либералните средини е целосно или делумно дозволено или не се казнува со закон, туку само наидува на морална осуда

од општественото мнозинство. Патолошките облици на девијантно однесување вклучуваат употреба на насилство и криминални дејства, кои се општествено штетни на повеќе начини, па вообичаено се законски санкционирани во сите земји.

### 3.1. Дефинирање на општествените девијации

Секое однесување кое е спротивно на доминантните норми на општеството се смета за девијантно. Човекот е предодреден да живее во заедница со други луѓе со утврдени морални и правни норми, утврдени правила и обичаи, а не како изолиран поединец или, пак, во средина каде владее хаос, безредие и без утврдени правила. Односите меѓу поединците, групите и институциите се регулираат со овие норми и правила кои се делат на:

- обичајни норми (се однесуваат на секојдневниот начин на живеење, облекување, комуникација, исхрана).
- морални норми (се показатели за она што е правилно, добро или лошо, посакувано или не, забрането и неправилно, како и бонтон правила за однесување).
- правни норми (се оние пишани правила кои се утврдени со закон регулиран од државата).

За прекршување на која било од овие норми следи некаков вид на санкција - казна, почнувајќи од обичајните, како најблага и најстрога кај правните норми. Без ниедно од овие правила и норми ниту едно општество не би можело да функционира на правилен начин, а секое прекршување се смета за отстапка од нормалното однесување и неусkladеност со дадените норми и правила во општеството. Непочитувањето и нарушувањето на овие правила се сметаат за негативни општествени појави, бидејќи токму овие прекршоци водат кон нарушување на општествениот живот и развој, а можат да земат поголем замав, да напредуваат со поголем интензитет и да го загрозат понатамошниот развој на општеството, доведувајќи ја во прашање општествената контрола. И двата главни типа на

девијантно однесување, формално и неформално девијантно однесување, имаат санкции и казни за оние што отстапуваат со поведението.

Формалното девијантно однесување се однесува на дејства што ги прекршуваат формалните закони, додека неформалното девијантно однесување се однесува на дејства што ги прекршуваат општествените норми. И формалното и неформалното девијантно однесување може да резултира со негативни последици. На пример, формалното девијантно однесување може да резултира со законски казни и апсење, а неформалното девијантно однесување може да резултира со стигматизирање и отфрлање од општеството. Честопати, луѓето кои се впуштаат во девијантни дејства или однесувања кои се сметаат за негативни од страна на општеството обично се казнети или исфрлени. Постојат многу различни теории кои објаснуваат како однесувањето се класифицира како девијантно и зошто луѓето се ангажираат во него, вклучувајќи ги и биолошките, психолошките и социолошките објаснувања. Овде ги разгледуваме четирите главни социолошки објаснувања за девијантното однесување.

- Теорија на структурни деформации

Американскиот социолог Роберт К. Мертон развил теорија за структурни деформации, како продолжување на функционалистичката перспектива на девијацијата. Оваа теорија го следи потеклото на отстранување на тензиите кои се предизвикани од јазот меѓу културните цели и начините кои луѓето ги имаат на располагање за да ги постигнат тие цели. Според оваа теорија, општествата се составени од културна и социјална структура. Културата ги утврдува целите за луѓето во општеството, додека социјалната структура обезбедува (или не обезбедила) средства за луѓето да ги постигнат тие цели. Во добро интегрирано општество, луѓето ги користат прифатените и соодветните средства за постигнување на целите што ги утврдува општеството. Во овој случај, целите и средствата на општеството се во рамнотежа. Тогаш кога целите и средствата не се во меѓусебна рамнотежа, веројатно ќе се случи девијација. Оваа нерамнотежа помеѓу културните цели и структурно достапните средства, всушност, може да го поттикне отстапувањето.

- Теорија на означување

Теоријата за етикетирање е еден од најважните пристапи за разбирање на девијантно и криминално однесување во социологијата. Таа започнува со претпоставката дека ниту еден чин не е суштински кривично дело. Наместо тоа, дефинициите на криминалитет ги утврдуваат оние што се на власт, преку формулирање на закони и толкување на тие закони од страна на полицијата, судовите и казнено-поправните установи. Отстапувањето, според тоа, не е збир на карактеристики на поединци или групи, туку е процес на интеракција меѓу девијантите и недевијантите и контекстот во кој се дефинира криминалот. Оние што ги претставуваат силите на законот и редот и оние кои ги спроведуваат границите на соодветно однесување, како што се полицијата, судските службеници, експертите и училишните власти, обезбедуваат главен извор на етикетирање. Со примена на етикети за луѓето, а во процесот на создавање категории на девијација, овие луѓе ја зајакнуваат структурата на моќ и хиерархиите на општеството. Обично тие се оние кои имаат повеќе моќ над другите, врз основа на раса, класа, пол или целокупен социјален статус, кои наметнуваат правила и етикети за другите во општеството.

Вилијам Чемблис (Chambliss, 1973) спровел класична студија за ефектите од етикетирањето. Имал составено две групи на машки средношколци, кои биле белци, кои, пак, честопати биле вклучени во деликвентни дејства како кражба, вандализам, пиење и скитање. Полицијата никогаш не уапсила член на групата наречена „светци“, додека оние кои биле од другата група наречена „груби вратови“ често се судирале со нив. Момчињата од „светците“ потекнувале од угледни семејства, имале добра репутација и оценки во училиште и секогаш внимавале да не бидат фатени кога го прекршуваат законот. Со самото тоа што биле учтиви и секогаш се извинувале кога ќе се соочеле со полицијата, „светците“ избегнале да бидат етикетирани како девијанти. За разлика од нив, „груби вратови“ потекнувале од семејство со понизок социоекономски статус, имале лоша репутација и оценки на училиште и не биле внимателни кога го прекршувале законот. Кога и да се соочеле со полицијата, тие биле непријателски расположени и дрски, па затоа било лесно да бидат етикетирани како девијантни. Со други зборови, и двете групи вршеле злосторства, но „светците“ се сметале за добри поради нивното учтиво однесување и припадноста на високата класа, додека, пак, другата група се етикетирала како девијантна поради дрското

однесување кое што се препишувало на припадноста во пониските класи. Како резултат на тоа, полицијата никогаш не преземала акција против „светците“, но секогаш преземала акција против „грубите вратови“.

- Теорија на социјална контрола

Теоријата за општествена контрола, развиена од Тревис Хирши (Hirschi, 1969), е вид на функционалистичка теорија која сугерира дека отстапувањето се случува кога приврзаноста на личноста или групата кон општествените врски е ослабена. Според ова гледиште, луѓето се грижат за тоа што другите го мислат за нив и се во согласност со социјалните очекувања поради нивната приврзаност кон другите и она што тие го очекуваат од нив. Социјализацијата е важна во донесувањето усогласеност со социјалните правила, а кога оваа сообразност е нарушена се случува девијација. Теоријата за општествена контрола се фокусира на тоа како се поврзани со девијантите, или не, со заедничките системи за вредности и кои ситуации ја нарушуваат посветеноста на луѓето на овие вредности. Оваа теорија, исто така, сугерира дека повеќето луѓе, во одреден период, веројатно чувствуваат импулс кон девијантно однесување, но нивната приврзаност кон општествените норми, всушност, ги спречува да учествуваат во девијантно однесување.

- Теорија на диференцијална асоцијација

Теоријата на диференцијално здружување е теорија за учење која се фокусира на процесите со кои поединците доаѓаат да извршуваат девијантни или криминални дела. Според теоријата, создадена од Едвин Х. Сатерленд (Sutherland, 1939), криминалното однесување се изучува преку интеракции со други луѓе. Преку оваа интеракција и комуникација, луѓето ги учат вредностите, ставовите, техниките и мотивите за криминално однесување. Теоријата за диференцијални асоцијации ја нагласува интеракцијата што луѓето ја имаат со своите врсници и другите во нивната животна средина. Оние кои се дружат со деликвенти, девијанти или криминалци учат да ја вреднуваат девијацијата. Колку се поголеми фреквенцијата, времетраењето и интензитетот на нивното потопување во девијантните средини, толку е поверојатно дека тие ќе станат девијантни.

Појавата на општествените девијации и нивното проучување не потекнува од сега, туку за нив се зборувало уште од античките периоди. Сократ посебно се занимавал со малолетничката деликвенција, а, пак, Платон има интересна теорија за самоубиствата, карактерот на злосторот и општествененета реакција кон нив. Според него, оној кој го прекршува законот и прави злосторство е под влијание на два типа на фактори: внатрешни (психолошки) и надворешни (физиолошки). Имено, злосторството е одлика на болна душа, при што кај личноста владее психички неред, а потоа, како телесна или биолошка дегенерација, која е резултат на физички недостаток. Аристотел (Aristotle), исто така, зборува дека девијантите или злосторниците кои стануваат престапници се под влијание на злосторнички навики и беда. Тој зборува дека е важна средината во која поединецот расте и доколку живее во средина во која има девијации, а тие не се осудуваат, туку се одобруваат како нешто нормално, тогаш поединецот има тенденција да развие одредени девијантни поведенија. Но, покрај ова, исто така е важно и дали поединецот живее во беда или богатство и дали обемот на материјалните средства има влијание врз појавата на девијации.

Девијантното однесување се категоризира како формално и неформално, засновано врз правилата на социјалните норми што ги кршат постапките или однесувањето.

- Примери за формално девијантно однесување: провалување во куќа на соседите, крадење од продавница, семејно насилство, пиење под влијание на некој друг, трговија со дрога, извршување на убиство, оштетување на културни наследства и сл. ;

- Примери за неформално девијантно однесување: излегување во несоодветна облека, стоење премногу блиску до друга личност додека се чека ред, доцнење при појавување на некои важни настани, зборување со храна во устата и сл.

Дејствата или однесувањето кои едно општество ги смета за девијантни, во друго општество можат да не се сметаат за такви. Иако девијантните поведенија можат да се разликуваат помеѓу општествата, постојат постапки и однесувања кои се сметаат за неприфатливи во сите општествени уредувања. Примери за девијантни поведенија:

зависност од алкохол, зависност од дрога и други психотропни супстанци, малолетничка деликвенција, насилство - булинг, хазардни игри, проституција, вагабондажа.

Иако девијацијата во општеството, генерално, се смета за негативна, постојат позитивни аспекти што можат да бидат резултат на девијантно однесување во општеството. На пример, девијантното однесување може да доведе до социјални промени. Не е невообичаено однесување, кое некогаш се сметало за девијантно, да се смета за прифатливо. Исто така, може да им помогне на луѓето да се прилагодат на одредени промени, како што се промените во модните трендови или промените во животниот стил. Покрај тоа, девијацијата во општеството може да им овозможи на одредени групи и поединци да ја подигнат свеста за одредени прашања. На пример, држејќи трибини за да се посвети внимание на трговијата со деца и на тој начин подигнувајќи ја свеста на народот и институциите за тоа.

### 3.2. Видови на девијантно однесување

Девијацијата може да се идентификува само во однос на постоечката култура и нормите пропишани во таа општествена заедница. Кога зборуваме за однесување, важно е да се каже дека тука е вклучено секое однесување кон себе, кон другите и кон околината. Ако тргнеме од гледна точка на психијатријата, нарушувањата во однесувањето се психопатолошки симптоми кои го доведуваат во прашање односот на поединецот со неговата околина, без разлика дали неговите мотиви се свесни или се резултат на интрапсихички конфликти (Nikolic, 1990). Однесување кое се категоризира како девијантно може да се толкува во однос на местото и улогата, поточно кажано, во секојдневниот живот се преплетуваат разни однесувања кои наидуваат на општествено одобрување, а сепак можат да биде девијантни. Овие девијантни улоги се појавуваат понекогаш или континуирано, во одредени активности и дејства кои ги извршуваат луѓето (Veladzic, 2013). Во однос на местото и времето, девијантните однесувања се јавуваат на одредени роденденски прослави или, пак, важни настани кога поединци се опиваат, кога се под дејство на дрога или други психотропни супстанци, препуштајќи им се на некои однесувања кои инаку не се дозволени и оправдувани. Познато е дека злосторствата се почести во големите градови и густо

населените делови, во семејствата со повеќе членови и посиромашните заедници, каде недостасува родителска контрола (Veladzic, 2013).

Деликвенцијата и криминалот се најизразени форми на девијантно однесување, така што деликвенцијата претставува асоцијално и антисоцијално однесување на една личност во развојниот период, предизвикано од нарушување на социјалниот, психолошкиот и биолошкиот развој (Paushek et al., 2017). Одговорноста за малолетничката деликвенција паѓа на социјалните институции, бидејќи не успеале навремено да реагираат на симптомите испратени до семејството, училиштето, родителите и врсниците. За деликвентно однесување се сметаат сите облици на нарушување во однесувањето, со кои се кршат законските и моралните правила. Главни карактеристики кои го следат ова однесување се асоцијалност, социјална и емоционална незрелост, одбивање на послушност, пркосење, егоцентричност, деструктивно и насилно однесување, непочитување на авторитети, неспособност за воспоставување на блиски односи со околината и семејството, непријателско расположение кон другите (Paushek et al., 2017).

Во постоечката литература и во јавноста, познати се различни термини за идентификување на однесувањето на децата, младите и возрасните кои отстапуваат од некоја норма. Овие концепти или термини се нарушување во однесувањето, социјално неприфатливо однесување, асоцијално, девијантно, абнормално, нарушувачко или деликвентно однесување, како и деца со тешкотии во однесувањето, образовно запоставување и криминално однесување (Dzuranovich, 2019). Кога станува збор за ризично однесување, фокусот е насочен кон поединци чие однесување ја отвора можноста и веројатноста исходот да биде неповолен, односно со негативни последици (Ricijash, Krajcer, Bouillet, 2010). Во групата на однесувања кои ги сметаме за ризични, во однос на возраста се раните сексуални односи, а во однос на методот - сексуални односи без заштита и промискуитет со зголемен ризик за сексуално преносливи болести, злоупотреба на алкохол и пиење, возење во пијана состојба, злоупотреба на дрога и психотропни супстанци, агресивно однесување, носење оружје и нарушувања во исхраната (Ricijash, Krajcer, Bouillet, 2010).

Периодот на основно и средно училиште е возраст на психофизички развој и созревање во кој се случуваат физички, емоционални и социјални промени и се прифаќаат моделите на однесување (Ptichek, 2014). Виктоар и соработниците (Victoir et al., 2007) ја застапуваат тезата дека сите однесувања, без разлика на категоријата штетни или посакувани, никогаш не се појавуваат изолирано од други однесувања, особено кога е во прашање употребата на алкохолот, тутунските производи и другите средства за зависност. Фактори кои влијаат на девијантното однесување се индивидуални, фактори на ризик во семејната и училишната средина и општествени фактори во поширока смисла. Најчести причини за појава на нарушувања во однесувањето се влијанието на врсниците кои се однесуваат на ист начин без да ги земат предвид ризиците и опасностите; нарушени семејни односи; отсуство на позитивни возрасни модели за идентификација; воспитно запоставени и малтретирани деца (Brlas, 2019).

Статистичкиот и дијагностичкиот прирачник на Американската психијатриска асоцијација наведува дијагностички критериуми според кои однесувањето би претставувало нарушување, а најмалку еден од нив мора да биде присутен во последните шест месеци (Chorbo, 2018). Меѓу овие однесувања се и агресивноста на личноста кон животни што вклучува често малтретирање, заплашување и закани; започнување борби; употреба на ладно и огнено оружје; суровост кон животните; суровост кон луѓето; кражба со соочување со жртвата (напад, грабеж, киднапирање, изнуда); принуда на сексуален однос; потоа намерно уништување на имот со кршење и палење, измама и кражба кои вклучуваат упад во туѓи простории, често лажење за да се добијат бенефиции, кражба без соочување со жртвата. Во детството, тоа е напуштањето на куќата без знаење или со родителски забрани, бегството од дома и намерното пропуштање на училиштето, се сметаат за ризични и претставуваат нарушувања во однесувањето (Chorbo, 2018).

### 3.2.1. Зависност од алкохол

Алкохолизмот и прекумерното пиење алкохолни пијалаци е општествено отстапување во модерното време во повеќето општества и претставува еден од најсериозните општествени проблеми. Со оглед на различните причини и последиците предизвикани од проучувањето, алкохолизмот бара интердисциплинарен пристап. Според фреквенцијата, појавите и последиците, алкохолизмот доаѓа веднаш по срцевите заболувања. Алкохолот е лек кој од фармаколошки аспект влијае на физичките и психолошките последици, а исто така и на човековото однесувањето. Ефектите од злоупотребата на оваа дрога не се помалку во споредба со другите лекови, но алкохолизмот е дрога која е општествено прифатена. Општествената прифатливост на алкохолот може да се објасни со традиционалната распространетост на неговата употреба, која честопати е и пожелно однесување на прослави и манифестации во повеќето општества (Mozhanich, 2018; Venus, 2019).

Алкохолизмот, како социопатолошки феномен, е дефиниран по дефиницијата на Светската здравствена организација, која е и најприфатена. Алкохоличар значи лице кое прекумерно пие и чија зависност од алкохол е толкава што покажува видливи психички нарушувања или такви појави кои укажуваат на оштетување на физичкото и психичкото здравје, нарушување во односите со другите луѓе и влошување на економската состојба. Алкохолизмот е девијантно однесување кое се карактеризира со долг развоен процес.

Просечниот развој на алкохолизмот трае околу 20 години. Развојот на алкохолизмот поминува низ три фази. Во првата фаза, повеќето луѓе пијат во друштво, во кафеана, на седенки, најчесто за време на викендите. Ако продолжат и понатаму да пијат, последиците се јавуваат во вид на алкохолна амнезија, односно губење на меморијата во епизоди на пиење. Расипничкото однесување се јавува во голем број случаи. После две години од појавата на алкохолната амнезија, тие веќе не се во можност да го контролираат пиењето. Тоа е премин во втората фаза. Во втората фаза, во текот на една година, се јавува како потреба од утринско пиење. Утринското пиење е критична точка во самодефиницијата на една личност како алкохоличар.

Во период од една до три години по навикнувањето на утринското пиење, алкохоличарот почнува да манифестира вистинско зависно однесување. Последната фаза се карактеризира со компулсивно пиење, пад на толеранцијата и неможност за апстиненција. Има напади на тремор и недефинирани стравови.

Луѓето што се склони кон злоупотреба на алкохол и пиење се смета дека имаат послаби усвоени етички норми на однесување, дека се подводливи и имаат понизок праг на толеранција, на фрустрација, имаат пониски интелектуални способности и во најраната возраст биле без соодветен модел на однесување (Ilich, 2017). Психодинамичкото толкување поаѓа од фактот дека личностите кои се склони кон алкохолизмот, всушност, се плашат од својата личност (јас), односно со пиење го јакнат чувството на сигурност. Прекумерното конзумирање алкохол доведува до ризично и опасно однесување во сообраќајот, интеракција со другите луѓе и членови на семејството, што резултира со расправии и конфликти, а кај децата го потенцира бегањето од училиште, изостанување и заостанување со училиштето, тепачки, конфронтации со полиција, депресија, самоагресија, употреба на оружје и сл. (Kuzman, Shimetin, Franelich, 2012). Најчести кривични дела извршени во алкохолизирана состојба се кражби, дела против животот и телото, сексуални престапи, насилно однесување и нарушување на јавниот ред и мир (Ilich, 2017).

Квалитетот на домашната средина може да влијае на личноста на детето и на тоа колку е веројатно тоа да учествува во ризично однесување, како што е употребата на супстанци (Crawford & Novak, 2008). Кога семејниот живот не поттикнува позитивни врски, тинејџерите се поподложни на високоризични однесувања, како што е употребата на алкохол и супстанци. Дисфункцијата во домот, на пример, честопати проследена со интензивен конфликт може да доведе до дисфункционални однесувања кај детето. Тешкото нарушување на семејството може да предизвика емоционална вознемиреност и да предизвика детето да се чувствува изолирано. Алкохолот и дрогата можат да се користат за да помогнат во управување со стресот и стравовите со кои се соочуваат овие адолесценти (Marsh & Dale, Willis 2007).

Кабалеро и соработниците (Caballero et al., 2010) ја истражувале оваа идеја во нивната студија направена за психолошко, физичко и сексуално насилство и како тоа влијае на

употребата на супстанци. Тие ја користеле скалата на тактики за конфликт меѓу родители и деца, за да ја утврдат количината на физичко и психичко насилство што се случува во домот. Оваа студија „Ефектот на Семејството 5“ беше направена на 1.040 студенти во Мексико Сити. Најголем дел од тинејџерите биле од 7-9 одделение и на возраст од 12-16 години. За момчињата кои доживеале психичко насилство, авторите на студијата утврдиле дека употребата на тутун е поголема. За девојчињата кои доживеале психичко насилство, авторите откриле дека употребата на тутун и алкохол е поголема.

### 3.2.2. Зависност од дрога и други психотропни супстанци

Зависноста од дрога како форма на девијантно однесување се гледа како губење на поранешните морални и духовни вредности на една личност, што доведува до интелектуална деградација и намалена желба да функционира како член на општеството. Тоа е поврзано со зависноста од психоактивни дроги, кои предизвикуваат зависност и не дозволуваат адекватна перцепција на реалноста (Malizia, 2018). Зависноста е доста распространет феномен, кој станува предмет на проучување во културата, бидејќи социјалните мрежи шират тврдења за безбедни видови дроги (Schlag, 2020). Како резултат на тоа, однесувањето е дехуманизирано, а многу млади луѓе прибегнуваат кон него без да размислуваат за последиците.

Наркоманијата е состојба на труење кое може да биде хронично или периодично, штетно за поединците и општеството, бидејќи има повторувачко дејство со консумирање на природни или синтетички дроги. Карактеристично за неа е: желбата и потребата за повторно земање по секоја цена, дозата на консумирање постојано се зголемува, психичка и физичка зависност од нејзиното дејство, штетност по здравјето и општеството во целина и појава на апстиненцијален синдром - криза по нагло одземање на дрогата. Зависноста од дрогата и психотропните супстанци се развива

преку суштински социјален процес, со ефекти независни од физичките својства на дрогите и нивните влијанија врз човечкиот организам.

На пример, теоријата за аномија на Мертон (Merton, 1968) се обидува да ја објасни зависноста од дрога во однос на културните вредности (или цели) и пристапот на корисникот до нелегитимните средства. Според оваа теорија, човек станува зависник бидејќи поставува нереално високи културни цели, на крајот се свртува кон нелегитимни средства, стремејќи се да ги постигне целите откако ќе ги надмине пречките што го спречуваат пристапот до легитимните средства. Неможноста да се постигнат целите преку легитимни средства или отфрлање на легитимните средства од други причини доведуваат до „повлекување" од општествениот живот и ја зголемуваат веројатноста за употреба на дрога.

Алтернативната теоријата за зависност (Lindesmith, 1968) нагласува два елемента. Прво, зависникот од други учи како да ја користи дрогата; второ, континуираната употреба на лекот го ублажува повлекувањето кое произлегува од прекинатата употреба. Приказот на Линдесмит (Lindesmith, 1968), за развојот на зависноста како суштински процес на учење, се чини дека дава подобра смисла за достапните информации отколку другите алтернативи. Зависноста започнува кога искусните корисници ја преземаат улогата на наставници и ги иницираат другите да користат дроги. Новите корисници треба да научат за лековите, методите на нивно земање и реакциите што ги предизвикуваат. Најсигурните информации доаѓаат од оние што го искусиле лекот во некое претходно време и на чие расудување иницијаторот му верува.

Ова толкување наоѓа поддршка во истражувачките докази од студиите за промените во зависноста од хероин во изминатата деценија. Трендовите во употребата на хероин покажуваат дека стапките на зависност сега можеби се израмнуваат, но дека значителни зголемувања се случиле во големите градови до средината на 70-тите години на минатиот век. Овој тренд на крајот се проширил и во помалите градови. Овие податоци, исто така, сугерираат толкување за учење. Процесот на учење за употреба на дрога се појавува највпечатливо кај малолетниците со иницијативи за употреба на марихуана, крек или некоја друга дрога. Наместо бегство од реалноста,

употребата на дрога кај адолесцентите претставува средство за нејзино прифаќање. Оваа социјална реалност ја инкорпорира употребата на дрога како составен дел од групните активности. Нелегалната употреба на дрога е најчеста форма на криминално однесување насекаде во светот. Испитувајќи ја оваа форма на девијантно однесување, научниците се фокусираат на различни прашања, вклучувајќи ги ризиците поврзани со употребата на дрога, видовите дроги што луѓето ги користат, обидите да се регулира употребата на дрога и последиците што произлегуваат од регулативата.

Психоактивните дроги, односно супстанци, според „Националниот институт за злоупотреба на дрога“ делуваат на централниот нервен систем и оттука предизвикуваат промени во мислата, расположението, чувствата и перцепцијата. Постојат шест релативно различни категории на дроги: стимуланси, депресиви, опијати (исто така познати како наркотици), халуциногени (исто така познати како психоделици), PCP и кетамини („дисоцијативни анестетици“) и на крај марихуана, обично класифицирана во своја категорија поради нејзините уникатни својства.

Ниту еден фактор не може да предвиди дали некое лице ќе стане зависно од дрога. Комбинација од фактори влијае на ризикот од зависност. Колку повеќе фактори на ризик има една личност, толку е поголема шансата земањето дрога да доведе до зависност. На пример:

- Биолошки фактор - гените со кои се раѓаат луѓето сочинуваат околу половина од ризикот на зависност кај една личност. Полот, етничката припадност и присуството на други ментални нарушувања, исто така, можат да влијаат на ризикот од употреба на дрога и зависност;
- Општествената средина - околината на една личност вклучува многу различни влијанија, од семејството и пријателите, до економскиот статус и општиот квалитет на живот. Факторите, како што се притисокот од врсниците, физичката и сексуалната злоупотреба, раната изложеност на дроги, стресот и родителското водство можат многу да влијаат на веројатноста за употреба на дрога и зависност кај една личност;
- Развојниот фактор - генетските и еколошките фактори комуницираат со критичните развојни фази во животот на една личност, за да влијаат на ризикот

од зависност. Иако земањето дрога на која било возраст може да доведе до зависност, колку порано започне употребата на дрога, толку е поголема веројатноста дека ќе премине во зависност. Ова е особено проблематично за тинејџерите. Бидејќи областите во нивниот мозок, кои го контролираат донесувањето одлуки, расудувањето и самоконтролата сè уште се развиваат, тинејџерите можат да бидат особено склони кон ризично однесување, вклучително и пробување дрога.

### 3.2.3. Малолетничка деликвенција

Под малолетничка деликвенција подразбираме асоцијално и антисоцијално однесување во периодот на развој на една личност, што е одраз на нарушениот биолошки, психолошки и социјален развој. Тоа антисоцијалното однесување претставува опасна и сложена социопатолошка појава, која е многу деликатна не само од криминолошки, правен, економски и социолошки аспект, туку е и сериозен семеен, педагошки, медицински и општествен проблем. Малолетничката деликвенција укажува на фактот дека општеството не реагирало на сигналите кои младите ги испраќале до семејството, училиштето, врсниците, барајќи помош и поддршка. Тоа е еден од најочигледните сегменти и една од најтешките форми на нарушено однесување кај младите луѓе (Ljubichich, 2008).

Малолетничката деликвенција е запаливо прашање во модерните општества и во различни земји се дефинира различно. Синоними за малолетни деликвенти кои се општоприфатени се: лоши момци, мангупи, гангстери, дегенерици, бунтовници, непримерни и други. Малолетничкото престапништво, како облик на општествено неприфатено однесување, е актуелна општествено негативна појава, која наметнува потреба за поголем ангажман на заедницата во решавање на низа нерешени проблеми, кои од година во година се зголемуваат и продлабочуваат. Малолетничката деликвенција подразбира сторители на кривични дела и прекршоци, со акцент на

малолетничкиот криминал, како најсериозна форма на девијантно однесување на младите (Ljubichich, 2008).

Терминот „дете“ е дефиниран во членот 1 од Конвенцијата за правата на детето, кој гласи: Во оваа Конвенција, дете значи секое човечко суштество на возраст под 18 години, освен ако законот што се применува на детето не достигнува возраст. При проучувањето на карактеристиките на личноста и однесувањето на децата и малолетниците треба да се има на ум дека тоа се лица кои се во физички, психолошки и социјален развој и дека малолетниците не се „мали луѓе“. Набљудувајќи го временскиот тек на овие три сегменти на развојот на личноста, генерално може да се забележи дека прво завршува физичкиот развој, потоа менталниот, додека социјалниот развој може да биде најбавен. Овој период од животот, во социолошка смисла, е дефиниран како фаза во која личноста повеќе не е во улога на дете, а сè уште ја нема улогата на возрасен. Младите се во преодна фаза од општествената положба дете во социјалната положба возрасен. Тоа е период на големи и значајни тензии во кои се напушта детството, за да се добие зрелост и нова општествена положба (Ljubichich, 2008).

Според Крстиќ (Krstich, 2009), малолетниците не се биолошки, социјално и психолошки зрели личности. Тоа е доба на брзи и моќни биолошки и психолошки промени, а се поврзува и со време на промена на социјалниот статус во семејството, училиштето и општеството воопшто. Во овој периоди физичката сила го достигнува својот врв. Токму поради двосмислено неразвиената личност, малолетниците се особено подложни на различни влијанија кои можат да го насочат развојот и однесувањето во асоцијална и антисоцијална насока. Младите со деликвентно однесување првенствено треба да се гледаат како адолесценти, односно да се проучуваат како индивидуи во целина. Дотолку повеќе што нивниот развој е условен од социокултурната средина во која живеат. Главните карактеристики на адолесценцијата се:

- Адолесценцијата е време на физички развој. Во овој период се формираат брзи промени во телото, со цел поединецот да достигне физичка зрелост на крајот од овој период.

- Адолесцентите тежнеат да добијат статус на возрасни. Станува збор за тенденцијата за независност од родителскиот авторитет и стремежот да не бидат потчинети на кој било облик на возрасните. За многу поединци во оваа возраст, ова се години на избор на занимања и на нивната економска независност.
- Адолесценцијата е период кога односите со врсниците стануваат многу важни. За адолесцентите, нивниот статус во групата е примарен и се стреми да биде препознаен од неговите врсници. Овој период се одликува со зголемени хетеросексуални интереси, кои понекогаш можат да предизвикаат конфликтни емоционални состојби и различни манифестни активности.
- Адолесценцијата е период на интелектуален развој во кој поединецот решава многу сложени и тешки училишни задачи. Во овој период адолесцентот добива трајни навики, вештини и знаења кои ќе му бидат потребни во зрелоста. Во овој период, секнатите знаења и искуствата од многу научни области им служат за уште подобро да се запознаат себеси и околината.
- Адолесценцијата е возраст на понатамошно стекнување и вреднување на вредностите. Поединецот станува сè повеќе свесен за себе, ги развива сопствените идеали и се прифаќа себеси во хармонија со такви прифатени идеали. Меѓутоа, за поединци, ова може да биде и време на конфликти меѓу младешкиот идеализам и објективната реалност.

Нарушување во социјалното однесување, според Јевтиќ, Кнежевиќ и Флорих (Jevtich, Knezhevic- Florich, 2011), претставува секое однесување кое отстапува од општествено прифатената норма. Има многу форми, многу од нив се ризични, а основната поделба на нарушувања во социјалното однесување на младите е следна:

- Пасивни нарушувања во социјалното однесување: плашливост, повлекување (неприлагодување), депресија, невнимание и мрзеливост, недостаток на внимание и училишен неуспех и осипување

- Активни нарушувања во социјалното однесување: недисциплина, непочитување на правила и авторитети, лажење, бегање од училиште или дома, хиперактивност (АДХД), агресивно однесување - деликвентно однесување (крадење, просење, дружење со луѓе - асоцијално однесување) и земање психоактивни супстанци.

Според Крстиќ (Krstich, 2009), деликвентите секогаш силно ѝ се спротивставуваат на контролата и на секој минимален обид да го променат своето однесување. Затоа тие се многу често деструктивни, импулсивни, одмаздољубиви, насилни, сурови, непријателски и сл. Карактеристиките на личноста на малолетните деликвенти се разликуваат од оние на другите адолесценти. За личноста на малолетниот деликвент, научниците ги утврдиле следните карактеристики: асоцијалност, непочитување на нечиј авторитет, пркос, непослушност, непријателство кон другите, деструктивност, садизам, импулсивност, емоционална незрелост, социјална незрелост и припадност на екстровертен тип на личност. Се смета дека овие особини на личноста на малолетниот деликвент повеќе се создаваат во неповолни еколошки и културни услови, отколку што имаат корени во физичкиот дел од одредена личност. Психолозите сметаат дека малолетничката деликвенција првенствено се должи на неправилности во личниот развој, како последица на неусогласените односи меѓу децата и важните личности во нивниот живот, а не само поради биолошки фактори.

Некои автори, факторите на деликвентното однесување ги делат на егзогени фактори: индустријализација и урбанизација, неорганизирано и дефицитарно семејство, неуспеси и недостатоци во образованието и воспитувањето, материјалните услови (сиромаштија и богатство, негативни влијанија на средствата за масовна комуникација, алкохолизам, негативни влијанија на соседството и улиците, културни и други конфликти) и влијанието на личните фактори (Tomich, Shehovich, Hrvanovich, 2006).

Така, Јашовиќ (Jashovich, 1978), за семејните и општествените односи истакнува дека многу често семејството се поврзува со криминал и други социопатолошки појави и оваа патологија може да се манифестира во областа на брачните односи, а може да се изрази и во деликвентно однесување на децата, како резултат на негативните влијанија од семејството. Посебно е значајна преносната улога на семејството во

социјализацијата на личноста. Оваа преносна улога се рефлектира, прво, во поврзувањето на примарниот семеен свет со светот надвор од семејството и второ, во поврзувањето на надворешниот свет со семејството и на тој начин се воведуваат општествено позитивни вредности во семејните односи. Во процесот на социјализација, личниот пример во семејството игра исклучително важна улога, бидејќи децата природно се ориентираат кон своите родители, кои се нивни „модели“ и за однесување и за заземање ставови за одредени прашања со кои се среќаваат во животот.

Семејството првенствено е „педагошка арена“ и затоа образованието и формирањето на младите членови на општеството се смета за нејзина основна општествена функција. Семејното опкружување, покрај позитивните, може да има и негативни влијанија во процесот на формирање на нејзините најмлади членови. Тоа, пред сѐ, се однесува на оние семејства кои од различни причини не можат да ја исполнат својата задача во однос на правилно воспитување и социјализација на своите најмлади членови. Структурниот интегритет на семејството е значаен предуслов за неговата функционална адекватност, а нарушувањата во структурата на семејството имаат негативно влијание врз целокупниот семеен систем и неговото функционирање. Нецелосноста на семејството може да биде предизвикана од бројни фактори и да има многу форми. Во зависност од факторите со кои е условена, остава сосема различни последици. Така, распадот на семејството, како резултат на влијанија надвор од контролата на семејството, како што е смрт на еден од родителите, има послаб негативен ефект. Од друга страна, семејствата чија структура е нарушена главно од субјективните слабости на родителите, како што се разводот, нелегитимноста и други причини за одвоениот живот на родителите, имаат неспоредливо потешки последици врз децата и нивниот развој (Jashovich, 1978).

Нарушените семејни односи се значително поврзани со отстапувања во однесувањето на младите. Постојаните конфликтни ситуации, алкохолизмот и насилството во семејството можат да остават трајни последици врз детската психа. Во овие семејства често се отфрлаат децата кои, без разлика на мотивите, се оддалечуваат од семејството, така што често се препуштаат на бегање, скитање, агресивно однесување, кражби и други облици на девијантно однесување. Појавата на нарушувања во

однесувањето и криминалот кај малолетниците често се поврзува со асоцијалното однесување на возрасните членови на семејството. Всушност, во таквите семејства постои оправдана опасност за присуство на социопатолошки облици на однесување кои имаат негативно влијание врз севкупниот развој на детето. Присуство на социјално однесување на членовите на семејството како алкохолизам, скитништво, безделничење, питачење, проституција итн. доведува до нарушување на меѓучовечките односи и лошо воспитување и развој на децата. Впрочем, во ваквите семејства често се случува воспитно „расипување“, како еден од најтешките облици на нарушување на социјалната адаптација, што се манифестира во форма на наведување на децата кон извршување на разни криминални дејства и нивно вклучување во неморални и незаконски дејства. Затоа со право се вели дека ваквите семејства се „криминогено семејно огниште“ (Jashovich, 1978).

### 3.2.4. Меѓуврсничко насилство (булинг)

Насилството на училишните часови упатува на негативни физички или социјални дејства, кои се повторуваат со текот на времето од едно или повеќе други лица кон личност која не може лесно да се одбрани (Olweus, 1991). Инволвираноста на булингот изгледа релативно стабилно со текот на времето и поврзана е со различни психосоцијални проблеми и приспособување во детството и адолесценцијата (Boulton & Smith, 1994; Kumpulainen, Räsänen, & Henttonen, 1999).

Многу истражувања за вклученоста во малтретирањето, особено на жртвите, се фокусираа на интернализирање на индикаторите за приспособување (Hawker & Boulton, 2000). Малку е познато за отворените, интерперсонални карактеристики на однесување на насилниците и жртвите, а уште помалку е познато за поврзаноста помеѓу стабилноста во малтретирањето и виктимизацијата и овие социјални карактеристики. Насилство - булинг е кога луѓето постојано и намерно користат зборови или постапки против некого или група луѓе, за да предизвикаат вознемиреност и ризик за нивната благосостојба. Овие дејства обично ги прават луѓе кои имаат поголемо влијание или моќ над некој друг или кои сакаат да направат некој друг да се чувствува помалку моќен или беспомошен. Булингот не е исто што и

конфликтот меѓу луѓето (како тепачка) или несакањето некого, иако луѓето можат да се малтретираат едни со други поради конфликт или недопаѓање.

Социолошките и психолошките истражувања се плодни во опишување на малтретирањето како општествен феномен. Оваа литература покажува дека помладите деца имаат поголема веројатност да бидат малтретирани, дека ова лошо однесување е почесто кај момчињата, отколку кај девојчињата (Boulton & Anderwood, 1992; Perry, Kussel & Perry, 1988) и дека училиштето и големината на класот не се значајни детерминанти за веројатноста за појавата на малтретирање (Olweus, 1993). Исто така, документирано е дека жртвите на малтретирање имаат помалку пријатели, голема е веројатноста да отсуствуваат од училиште и да не ги сакаат одморите за време на училиште (Smith, Talamelli, Cowie, Nylor, Chauhan, 2004); дека имаат пониска самоевалуација, односно самопочит (Björkqvist, Ekman & Lagerspetz, 1982), (Olweus, 1997) и дека нивниот мозок има нездрави реакции на кортизол кои го отежнуваат справувањето со стресните ситуации (Ouellet & Morin, 2011).

Видот на повторено однесување, според Шерпац (Sherpac, 2019), кое може да се смета за малтретирање вклучува: одржување некого надвор од група (онлајн или офлајн); постапување на непријатен начин во близина или кон некого; давање непријатни погледи, непристојни гестови, прозивки, непристојни, неучтиви и постојано негативни задевања; ширење гласини, лаги или погрешно претставување (т.е. користење на неговата сметка на Фејсбук за објавување пораки); вознемирување врз основа на раса, пол, религија или попреченост; намерни и повеќекратни физички повреди кон некого; намерно демнење; искористување на каква било моќ над некој друг, како префект или студентски претставник.

Булингот може да се случи секаде. Тоа може да биде во училиштата, дома, на работа, на онлајн социјални простори, преку текстуални пораки или преку е-пошта. Може да биде физички, вербален, емоционален, а вклучува и пораки, јавни изјави и однесување на интернет наменети да предизвикаат вознемиреност или штета (исто така познато како сајбермалтретирање). Но, без разлика каква форма има малтретирањето, резултатите можат да бидат исти: тешка вознемиреност и болка за лицето кое е малтретирано. Постојат неколку видови малтретирање и тоа:

- Малтретирањето лице в лице (понекогаш се нарекува директно малтретирање) вклучува физички дејства како што се удирање со тупаници, клоци или директни вербални дејства, како што се викање со некое име и навреда;
- Прикриеното малтретирање (понекогаш се нарекува индиректно малтретирање) е помалку директно, но е исто толку болно. Тоа значи дека малтретирањето кое другите не го гледаат лесно се спроведува надвор од видното поле, како што е исклучување на луѓе од групи, ширење лаги или гласини. Поради тоа што е помалку очигледно, возрасните често не го признаваат;
- Сајбер малтретирањето се случува преку употреба на информатички или комуникациски технологии, како што се инстант-пораки или разговор, текстуални пораки, е-пошта и сајтови или форуми за социјално вмрежување. Има многу сличности со офлајн-малтретирањето, но може да биде и анонимно, може да допре до широката публика, а испратениот или поставен материјал може да биде тешко да се отстрани. Повеќето луѓе кои употребуваат сајбер малтретирање, исто така употребуваат и офлајн-малтретирање

Ханс Јоаким Шнајдер го дели насилството на: насилство во семејството, насилство во училиштето, насилство меѓу малолетничките групи. Манифестираните форми на насилство во семејството се однесуваат на физичко малтретирање на деца, злоупотреба на сопружници, стари лица и меѓусебна злоупотреба на браќа и сестри. Насилството почесто го вршат помлади мажи, а според возраста на вршење, насилството со физички повреди почесто го вршат мажи помлади од 40 години, додека разбојништвото најчесто го манифестираат мажи на помлада полнолетност, помеѓу 18 и 25 -годишна возраст. Жените најчесто предизвикуваат физички повреди и малтретираат деца. Потеклото на насилниците најчесто се поврзува со семејства со понизок степен на образование, професионална положба и ниски економски можности, тие потекнуваат од рурални средини, семејствата на насилниците се оптоварени со алкохолизам и позитивна историја на ментални нарушувања (Nikolich-Ristanovich, Kosturanovihc- Vilich, 2018).

### 3.2.5. Хазардни игри

Во претходно споменатото, отстапувањето од која било форма на девијантно однесување може да се забележи само во контекст на општествената заедница. Девијантното, како и секое друго однесување, подеднакво е научено и условено од реакциите кои на кој било начин го наградуваат тоа однесување. Покрај одобрувањето на припадничката група, стимулативна функција на девијантното однесување е и чувството на задоволство и авантуризам. Коцкањето започнува со мали финансиски влогови, кои при победата предизвикуваат задоволство и возбуда поради профитабилноста, а подоцна, и покрај загубите, човекот не може да се контролира при одење во казина и обложувалници (Veladzich, 2013). Како најчеста причина за вклучување во коцкарски активности е забавата и дружењето со пријателите, што е карактеристична одлика на адолесценцијата, а се карактеризира и со потрага по возбуда и успех. Адолесцентите го доживуваат коцкањето како лесен начин да заработат брзи пари, дозволена и прифатлива активност преку која тие делумно стануваат независни од родителите, а во исто време никому не му штетат (Bilich & Opich, 2013).

Активностите со коцкање, според Рицијаш и соработниците (Ricijash et al., 2016) се поделени во четири групи :

1. Игри на лотарија
2. Игри на обложување
3. Игри со автомати
4. Игри во казино

Кај проблематичното коцкање најчесто се појавуваат симптоми поврзани со психолошко, емотивно и социјално однесување. Според Рицијаш, Брлаш и Ур (Ricijash, Brlas, & Ur, 2019), карактеристично за адолесцентите кои имаат проблем со коцкањето е:

- личноста е психолошки окупирана со игра, планирање на коцкање, разговор и дружење со истомисленици. Ги запоставува училишните и другите

обврски, има слаб училишен успех, ги игнорира врсниците кои не се коцкаат, влегува во расправии со родителите;

- чувство на возбуда поради играта, неможност да се запре коцкањето и покрај желбата и намерата, наоѓање оправдување за повторно коцкање;
- зголемување на износите на вложените пари и поризично играње со цел да се постигне возбуда, брзо трошење џепарлак и заштеди, позајмување и крадење пари, кршење на законот;
- и покрај негативните искуства, верува во можноста за победа, се обидува да ги врати изгубените пари со последователно коцкање.

Континуитетот на коцкарското однесување го следи текот од најблаго општествено прифатливо рекреативно коцкање, преку проблематично, до патолошко коцкање. Социјалното рекреативно коцкање се карактеризира со експериментирање и лежерност со ограничено времетраење. Адолесцентите или возрасните имаат контрола врз играта и вредноста на инвестицијата и не се кријат од околината. Проблематичното коцкање со себе ги носи проблемите што го придружуваат и нарушувањето на функционирањето во некои аспекти од животот. Патолошкото коцкање е вклучено во психијатриското нарушување и се толкува како прогресивна зависност која ги надминува сите други активности и односи на коцкарот со опсесивна преокупација без свест за ризиците и последиците (Bilich & Opich, 2013).

Како форма на девијантно однесување, за коцкањето, семејството има значајно влијание со моделирањето. Имено, прифатливите однесувања кои семејството ги поддржува и однесувањата кои самите ги манифестираат, родителите се вклопуваат во природните обрасци на однесување на децата и младите. Пример за такво однесување, наведено од други автори, може да се види во подарувањето ливчиња лотарија на децата и младите за нивните родендени или за други свечени пригоди. Родителите кои играат игри на среќа ги вклучуваат своите деца на тој начин што децата им цртаат или им кажуваат бројки, гребат лоз, избираат ливче, вметнуваат награден купон во продавница и слично. Истражувањата покажуваат дека позитивните ставови на семејството за коцкањето, со кои детето има искуство додека расте, ја зголемуваат веројатноста за коцкарски активности во адолесценцијата и подоцна. Тоа го поткрепува и фактот дека доста голем дел од адолесцентите со проблеми со

коцкањето имаат родители кои се коцкале, а поголемо влијание имаат татковците. Семејните карактеристики на комуникација, емоционалната вклученост и одговорност и општото функционирање на семејството се поврзани со ризикот од коцкање (Bilich & Opich, 2013).

### 3.2.6. Вагабондажа

Англискиот термин vagabond потекнува од латински и англо-латински извори. За вагабонти се сметале оние луѓе кои биле бездомници и оделе низ земјата барајќи пари, а често и краделе од луѓето за да живеат. Вагабондирањето било нешто што брзо станало проблем за време на владеењето на кралицата Елизабета I. Зборот вагабонт буквално значел талкање, ропство, но поидиоматски - да избега од ропството. Значајна е и етимологијата на ропството. Историски гледано, облиците на ропство на Запад вклучувале ропство, крепосништво - систем на делумно неслободна работна сила во руралните општества, стажирање - кое го регулираше влезот и практикувањето на занаети во градовите и системи за домашна услуга. Заминувањето од која било од овие работни ситуации без дозвола на работодавачот претставува ризик за обвинение за „скитници“ поточно вагабонти. Латинската именка vagabundus се појавува во доцните средновековни англиски записи, а според Оксфордскиот англиски речник, англиските термини vagabond и vagrant датираат од почетоците на 15 век. Од петнаесеттиот век, покажува истиот извор, овие зборови се користат за да се опише секој кој бил без постојано живеалиште, невработен, патник или без занает. Се разбира, термините вагабонт и скитник се користеле и како термини за општествени неприфатливи однесувања, исто како и синонимите просјак, скитник, мокасин, талкач и сл.

Прво толкување за вагабондажата е дека може да се нарече реална појава, затоа што постулира дека скитниците ги одразувале вистинските економски и социјални услови, дека бројот на скитници се зголемувал, дека тие биле подземје организирано во банди кои се занимавале со организиран криминал и претставувале вистински закани за

општествениот и политичкиот поредок. Второто толкување пак ја нагласува моќта на нормативното, особено поимите морал и патријархалност vis-a-vis зависните лица, вклучувајќи ги работниците, што довело до раст на државната интервенција за нивно спроведување. Оваа позиција ги нагласува разликите помеѓу достојните и недостојните сиромашни и содржи поттик за реформирање на втората група. Ова нормативно толкување, пак, лесно ги прифаќа теориите на правото и криминалитетот кои тврдат дека некои прекршоци, вклучително и скитниците, се продукти на владините иницијативи кои водат до „статусен криминалитет“ и „општествена контрола“ (Katz, 2001).

Третото толкување за скитниците, кое е фаворизирано овде, е дека феноменот бил комбинација на реалното и нормативното. Во сржта на концептот на скитниците има два клучни елемента - доброволна невработеност и патување. И двата елементи, историски, се поврзани со работните и претстојните обврски на средновековното крепосништво. Неслучајно европските влади првпат почнале да дејствуваат против скитниците - вагабонти во 1350 година, откако „црната смрт“ сериозно го намалила населението, овозможувајќи им на работниците да ги отфрлат обврските на крепосништвото. Кога нивото на населението се опоравило, по 1500 година, западноевропските влади продолжиле да спроведуваат политики против скитниците-вагабонти, за кои се открило дека се корисно оружје за контрола на работната сила, која сега во голема мера била ослободена од крепосништвото (Katz, 2001).

За да се контролира работната сила, од шеснаесеттиот до осумнаесеттиот век биле основани работничките домови Bridewells (домови за поправка), а подоцна и работнички куќи) кои биле основани од шеснаесеттиот до осумнаесеттиот век. Овие институции траеле до деветнаесеттиот век и биле извезени во странство, во европските колонии. Отфрлањето на вредностите и нормите претставува „повлекување“. Тоа, на еден или друг начин, е „напуштање“ на општеството. Може да се каже дека оној што ќе се откаже „поднесува оставка“. Оние што се „повлекуваат“ од општеството одбиваат да се стремат кон богатство на легални или нелегални средства. Тие, исто така, одбиваат да водат „конвенционален“ живот. Тие не се во состојба „искрено“ да успеат. Тие не се во можност да ја прекршат конвенционалната процедура поради силно интернализираната норма. Најдоброто решение за нивната

дилема е „напуштањето“ од општеството. Оттука, „повлекувањето“ е еден вид пасивно отфрлање на целта на успехот и на респектабилните професионални активности. Таквите луѓе добиваат неодобрување, бидејќи малку се грижат за вредностите според кои живеат останатите. Една од познатите теории е теоријата на дуализмот на Бауман (Bowman, 1983), помеѓу туристи и вагабонти.

„Туристот“ најмногу наликува на животот на „првиот свет“, кој го идентификува (Bowman, 1996). Така, туристите се движат бидејќи неодоливо им е привлечен светот на дофат. Глобализацијата е насочена кон (потрошувачките) соништа и желби на туристите. Сепак, животот на туристот-скитник е некако горко-сладок. Ако се навистина секогаш во движење, тоа не е секогаш затоа што точно знаат каде одат, туку дека се упатуваат по некоја однапред одредена цел или дестинација, тоа повеќе е искуство на постојано движење од страв да не застанат, бидејќи, штом престанат да се движат, престануваат да бидат глобално мобилни и така стануваат локално врзани.

Значењата прикачени на зборот „немир“ добро го доловуваат животот на туристот. Она што ги задржува чувствата на „домашна болест“ за туристите, а со тоа и она што ја овековечува потрагата по сè позадоволувачки потрошувачки задоволства на глобалното игралиште и ги спречува да мируваат, е кошмарот на „вториот свет“, живот поврзан со локалитетот и маките на глобално мобилните „скитници“. За разлика од оние локални жители од кои вагабонтите, исто така, се желни да останат одвоени, непривилегираните поединци вагабонти Бауман ги гледа како алтер его на туристите. Подеднакво слободни да се движат, тие го прават тоа не затоа што глобалното игралиште го сметаат за примамливо, туку затоа што секое место во кое предолго престојуваат го сметаат за негостопримливо (Bauman, 1996).

Вагабонтите се глобални патници на кои им е одбиено правото да станат туристи. Како што објаснува Бауман, ако ги прашате вагабонтите каков живот би сакале да имаат, тие би ја одбрале шансата за слободен избор, со што ќе добиете прилично точен опис на „туристички благослов“, каков што се гледа на ТВ, а тоа е дека вагабонтите немаат други слики од добар живот - немаат алтернативна утопија, немаат сопствена политичка агенда. Единственото нешто што тие го сакаат е да им биде дозволено да

бидат туристи како сите  во овој немирен свет, така што туризмот е единствената прифатлива човечка форма на немир (Bowman, 1996).

Она што ги обединува туристите и скитниците-вагабонти е тоа што и двата типа  се во улога на потрошувачи. Како и да е, следејќи еден од другите културни типови споменати погоре, туристите се привилегирани слободни потрошувачи, додека скитниците-вагабонти се непривилегирани потрошувачи со недостатоци.  Ова значи дека, иако како потрошувачи и двата типа споделуваат исти слики за добриот живот, како резултат на нивните ограничени ресурси, скитниците-вагабонти не се во можност да си дозволат такви софистицирани избори направени од туристите, па затоа имаат недостатоци и тоа ја прави нивната позиција во општеството застрашувачки несигурна.

Како потрошувачи кои не се во можност да конзумираат, „тие се бескорисни“ во единствената смисла на зборот  која може да се замисли во општество на потрошувачи или општество на туристи (Bowman, 1996). Навистина, истакнува Бауман (Bowman, 1996), голем дел од политиката во општеството на туристите може да се објасни како постојан напор да ги искорени скитниците-вагабонти од сликата на нивната реалност, како, на пример, преку опсесијата со безбедносниот закон, ред и криминализацијата на сиромаштијата.

На тој начин, глобализираниот свет на ликвидната модерност е сè погостопримливо и пријателско место за туристите и постојано непожелно и непријателско место за скитниците. Токму оваа остра спротивставеност помеѓу туристите и скитниците, понатаму во својот труд Бауман (Bowman, 2000) ги развива и неодамнешните идеи за залудно потрошените животи предизвикани од процесите на глобализацијата, додека скитниците можат да се карактеризираат со нивната слобода на движење. Меѓутоа, додека првите патуваат за уживање или профит, и се наградени за тоа, вторите патуваат за преживување, бидејќи се осудени на тоа што во исто време е алармантно.

За Бауман (Bowman, 2000), токму оваа лага на ветувањето за слободна трговија ја означува денешната комбинација на поништување на визите за влез и зајакнување на имиграциските контроли со особено симболично значење. Накратко, го открива фактот дека пристапот до глобалната мобилност е основа на повторното раслојување низ целиот свет. Накратко кажано, ако во денешно време навистина сите сме во

движење, само на некои од нас им е дозволено да биде така. Покрај тоа, Бауман (Bowman, 2000) забележува како демонтирањето на сите бариери за слободно движење на капиталот, стоките и информациите, и неговите носители, е придружено со истовремено производство на нови и сѐ повисоки бариери за да се спречи мноштвото кое сака да го следи примерот и да оди онаму каде што навестуваат можностите. Ова е поддржано од социолошкиот и политичкиот феномен истакнат на почетокот на поглавјето во однос на тоа дека светот е полн. Оваа нова полнота на планетата, поточно на овие одредени области на планетата каде што соништата и желбите најверојатно ќе се остварат, можеби резултираше со акутна криза на она што тој го нарекува „индустрија за отстранување на човечки отпад" Бауман (Bowman, 2000).

Според него, глобализацијата стана плодна производствена линија на потрошени луѓе, поради глобалното ширење на течната модерна форма на живот, како единствена хомогенизирачка форма на преживување, кои во биолошка и во социолошка смисла се уништени од доминацијата на оваа глобална криза над сите аспекти на локалниот живот.

Вагабондажата е состојба на бездомништво без редовно вработување или приход. Вагабонтите (исто така познати како клошари, скитници, никаквеци, влечливи црви, стаорци, скитници или талкачи) обично живеат во сиромаштија и се издржуваат со питачење, чистење, ситни кражби, привремена работа или социјално осигурување (каде што е достапно). Историски гледано, скитниците во западните општества се поврзуваат со ситни криминални дела, питачење и беззаконие и се казнувале со закон со принудна работа, воена служба, затвор или затворање во посветени работнички куќи.

## 4. Функционалноста на семејството и девијантното однесување на адолесцентите

Родителот е модел за своите деца. Истражувањата за моделирање покажаа дека кога родителите се почитуваат и се главни извори за поттик, поверојатно е нивното дете да ги моделира (Simons, Whitbeck, Conger & Conger 1991). Ако родителот дејствува на негативен начин, голема е веројатноста детето да го следи негативниот став на своите родители. Тие, исто така, имаат поголема веројатност да го генерализираат овој став кон остатокот од општеството. Така, родителите имаат големо влијание врз однесувањето на нивното дете. Од раѓање, родителот, преку воспитувањето на децата, обликува однесувања погодни за нормите на општеството. Сепак, постојат одредени техники на родителство кои имаат поголемо влијание врз однесувањето на детето. Најголема е родителската поддршка (Barnes et al., 2006). Поддршката од родителите се гледа во нивниот однос кон детето а тоа се пофалбите, охрабрувањето и наклонетоста. Тие му покажуваат на детето дека е ценето и сакано.

Во повеќе студии беше откриено дека поддршката од родителите го поврзува адолесцентот со институциите и ја гради неговата самоконтрола (Barnes et al., 2006). Ова градење на самоконтрола ќе го попречи девијантното однесување и формирање. За да се спречи појавата на девијантно однесување, родителите мора да користат ефективна дисциплина, следење и техники за решавање на проблемите (Crosswhite & Kerpelman 2008). Ефективна дисциплина е препознавање на девијантните однесувања и нивно следење кога тие се појавуваат. Доследно мора да се осигури постојана дисциплина при увидувањето на овие однесувања, за да се спречи нивниот развој. Сепак, престрогите казни нема да го запрат однесувањето, туку, напротив, ќе го зголемат (Simons et al.,1991).

Детето може да ја смета казната како неправедна, а тоа може да предизвика да го промени однесувањето. Мониторингот вклучува свесност за тоа каде е нивното дете, кои се нивните пријатели и што прават во слободното време. Во една студија, спроведена од Барнс и соработниците (Barnes et al., 2006), беше откриено дека следењето е силен предиктор за девијантното однесување на адолесцентите, откако девијантното однесување и отстапувањата беа контролирани кај адолесцентите. Ова илустрира колку родителите се важни во животот на детето и како нивната вклученост

може да направи разлика во девијантното однесување. Вештините за решавање проблеми се важни во развојот на комуникацијата на детето (Crosswhite & Kerpelman 2008). Недостатокот од комуникација може да предизвика детето да биде одбранбено, да ги отфрли своите одговорности и да го зголеми својот гнев. Овие особини можат да влијаат на деликвентното однесување и поврзаноста со девијантните врсници. Принудното родителство ги влошува негативните особини кои влијаат на деликвенцијата. Овој тип на родителство се карактеризира со експлозивност и закани кои вообичаено се поврзани со мала конзистентност или следење (Simons et al., 1991). Наместо тоа, родителите треба да се вклучат во позитивно родителство со постојано поддржување на просоцијалното однесување на нивното дете.

Родителите кои не го зајакнуваат позитивното однесување и кои ефикасно не го казнуваат отстапувањето, имаат поголема веројатност да искусат слаби врски со своето дете (Crosswhite & Kerpelman 2008). Токму преку овие слаби врски детето има поголема веројатност да учествува во девијантни однесувања. Слабите врски меѓу родителот и неговото дете, исто така, можат да се објаснат преку теоријата на принудност. Теоријата на принудност сугерира дека поединците стануваат девијантни поради нивната неможност да постигнат „позитивно ценети цели" (Hollist et al., 2009). Ценети цели за детето се чувството дека е сакано и поддржано. Ова е нивното очекување од родителот. Кога детето не ги доживува овие очекувања, веројатно ќе доживее гнев и фрустрација, што може да доведе до девијантни однесувања. Глук и Глук (Glueck & Glueck, 1950), во 1950 година, спровеле истражување и откриле дека малолетните престапници имаат поголема веројатност да доаѓаат од домови каде родителите му припаѓале на типот на принудно родителство, каде што не почувствувале љубов или поддршка. Шеесет години подоцна, оваа студија сѐ уште е вистинита.

Присилното родителство, кое се состои од низок мониторинг, поддршка и неефикасна дисциплина со престроги казни, влијае на девијантното однесување кај адолесцентите. Квалитетот на родителството влијае на поврзувањето на врсниците со другите врсници. Родителите имаат способност директно да влијаат со кого ќе се дружи нивното дете. Преку ефективно следење и дисциплина, се остварува влијание на пристапот на младите до припадноста со девијантни врсници (Simons, Whitbeck,

Conger & Conger, 1991). Преку ефективно следење, родителот води евиденција за тоа каде се наоѓа неговото дете. Притоа, родителот може да ограничи каде оди детето и со кого се дружи. Заедно со следењето и дисциплинирањето, влијание има силата на врската родител-дете. Адолесцентот кој е поблизок со своите родители има голема веројатност да се грижи за нивното мислењето во врска со пријателите. Присилното родителство може да ја ослаби оваа врска. Кога оваа врска е ослабена преку родителски конфликт, тогаш е повисоко нивото на младите кои ги екстернализираат своите проблеми (Buehler, 2006).

Екстернализирање на проблемите може да се појави по разводот на родителите во кој детето предизвикува тепачка на училиште поради гневот што го чувствува од родителите. Оваа појавата на екстернализација го води адолесцентот по патека на девијантно однесување, почнувајќи од родителството и случувањата внатре, во семејството. Конфликтот меѓу родителите може да се прелее и да го намали квалитетот на родителството, слабеејќи ги врските меѓу детето и родителите. Децата можат да се обвинуваат себеси за конфликтот, што доведува до чувство на вина и ниска самодоверба. Со слабеење на овие врски, самоконтролата се намалува, предизвикувајќи адолесцентот да отстапи од нормалното поведение и да почне да се однесува девијантно. Ова не само што ги ослабува врските на детето со секој родител, туку може да резултира и со неефикасно родителство (Dornbusch, Carlsmith, Bushwall & Ritter, 1985). Ова може да биде ефект од тешкотијата во следењето и надзорот на детето.

Крон, Кубрин и Стаки (Krohn, Kubrin & Stucki, 2008) извршија студија во 2008 година што покажа дека адолесцентите кои живеат во семејствата кои доживуваат повеќе транзиции, како што се разводи или економски тешкотии, доживуваат пониски нивоа на родителска приврзаност и надзор, како и помалку доследна дисциплина и понепријателски семејни средини. Детето ќе има поголема веројатност да се сврти кон девијантно однесување кога неговите родители користат техники на принудно родителство или кога тие техники недостасуваат и се неефикасни. Во семејствата во кои децата имаат нарушување во однесувањето, конфликтите меѓу членовите кои се поврзани со дисциплинирањето на децата се осум пати почести, позитивните интеракции меѓу нив се за 50% помали и почесто (ненамерно) се поддржува

негативното однесување на децата. Конфликтните партнерски односи помеѓу родителите три пати повеќе влијаат на децата, а такви се: а) родители кои се караат, обично не се сложуваат ни околу воспитувањето на децата, при што ставовите им се недоследни и неусогласени, б) на детето му нудат нефункционален модел на однесување, и в) заради секојдневниот стрес и незадоволството во партнерската релација, овие родителите стануваат емоционално недостапни за своите деца.

Постојаните конфликтни ситуации, алкохолизмот и семејното насилство можат да остават трајни последици врз детската психа. Во овие семејства, децата честопати бидуваат одбиени и се оддалечуваат од семејството, без оглед на мотивите, така што често се оддаваат на бегање, скитање, агресивно однесување, крадење и други форми на девијантно однесување. Знаеме дека децата кои растат во домови со недостиг на топлина и поддршка, чии родители немаат вештини за управување со однесувањето и чии животи се карактеризираат со конфликт или малтретирање, најверојатно ќе бидат деликвенти, додека поддржувачкото семејство може да ги заштити децата дури и во многу непријателско и штетно надворешно опкружување. Отсуството на фигурата на таткото во домот добива најголем дел од вината за поткопување на способноста на детето да се прилагоди и да им парира на социјалните притисоци во текот адолесценцијата. Со генерации, нарушувањето во домот се гледа како закана за благосостојбата и за самото постоење на детето.

## 5. Релевантни истражувања

Адолесцентите кои живеат во нетрадиционално семејство (со самохран родител) се повеќе склони кон развој на деликвентно однесување, отколку оние адолесценти кои живеат во традиционално (двородителско) семејство (Demuth & Brown, 2004). МекКарли (McCurley, 2004) информираа дека оние адолесценти (12-17 години) кои живеат со семејство кое ги вклучува и двајцата биолошки родители имале помали шанси да имаат проблеми во однесувањето, отколку оние кои живеат во друг тип на семејства. Поврзаноста помеѓу деликвентното однесување на адолесцентите и нетрадиционалното семејство е проучена во контекст на возраста, социоекономскиот статус, полот, расата, големината на семејството и местото на живеење. Во студијата биле избрани адолесценти на возраст меѓу 12-17 години. Утврдена е поврзаноста на деликвентното однесување во повеќечленото семејство, а улога игра и возраста. Поранливи на малолетничка деликвенција биле постарите адолесценти и оние кои живееле во поголеми семејства (Kierkus & Hewitt, 2009). Елит (Elite, 2006), исто така, во една студија објави дека полот на родителот е важен и адолесцентите кои живеат со таткото имаат поголеми шанси да бидат деликвенти.

Оттука, Бурт и соработниците (Burt et al., 2009) тврдат дека деликвентното однесување на детето не е генетски фактор, тоа е поради минување низ фазата на развод на родителите. Затоа разводот на родителите има врска со деликвентното однесување на адолесцентите. Стапката на деликвенција е повисока кај децата на разведени родители и не зависи од возраста кога се случил разводот (Prestin & Latham, 2013). Како што трендот на соживот се зголемува кај децата во САД кои живеат со самохран родител (кои соживуваат со небиолошки родители), тие, исто така, се изложени на ризик од развој на деликвентно однесување (Apel & Kaukinen, 2008).

Паркс (Parks, 2008), направила истражување кое, исто така, ги поддржало овие наоди и покрај тоа било забележано дека поголемо влијание има родителскиот мониторинг, приврзаноста и вклученоста во насилничкото однесување на адолесцентот отколку типот на семејната структура.

Шредер, Осгуд и Огиа (Schroeder, Osgood & Oghia, 2010), во нивната студија откриле дека распаѓањето на семејствата не е поврзано со константно навредување, туку

формирањето семејство или брак кои се нефункционални е поголема навреда за адолесцентите. Приврзаноста кон родителите и варијациите во семејната средина влијаат врз негативното однесување на адолесцентите. Приврзаноста и одвоеноста на родителите и врсниците има ефект врз деликвентното однесување на адолесцентите (Wampler & Downs, 2010). Барнс, Вокер и Мејсон (Barnes, Walker & Mason, 2004) го проучувале ефектот на однесувањето на родителите врз однесувањето на адолесцентите. Дискутирани биле четири карактеристики: психолошка контрола, родителска топлина, контрола на однесување и конфликт меѓу младите и родителите, при што била констатирана поврзаност на сите претходни фактори, заедно со структурата на семејството и придонесите на семејството врз криминалните активности кај адолесцентите.

Бил користен методот на студија на случај со малолетни престапници од затворот „Адијала“, лоциран во Равалпинди, за да се знаат потенцијалните причини за малолетничките злосторства во Пакистан. Резултатот покажал дека главната причина за деликвентните дејства на адолесцентите се запоставувањето од семејството и сиромаштијата (Khursheed & Urooj, 2012). Друга студија, спроведена во малолетнички затвори и институции лоцирани во Бахавалпур и Фаисалабад, во провинцијата Пенџаб, прецизирала дека навредливиот став на таткото, родителските конфликти, медиумите и средината на заедницата имаат поголемо влијание врз малолетничките злосторства (Mahmood & Cheema, 2004).

Нисар и соработниците (Nisar et al., 2015), спровеле студија за машки деликвенти, од која се гледа дека момчињата што биле на возраст од 16-18 години, биле повеќе вклучени во криминал во споредба со помладите. Оние кои живееле во систем на здружено семејство имале мали шанси да сторат малолетнички злосторства, во споредба со оние кои живееле во нуклеарен семеен систем. Утврдено било дека главна причина за малолетничките кривични дела се недостатокот на образование и нискиот економски статус. Резултатите покажале дека главни причини за малолетничката деликвенција се ниските приходи во семејството, конфликтот, негативното влијание на пријателите (врсниците), ниското образование, одмаздата и немањето родителски надзор над детето.

## 6. Методолошка рамка на истражувањето

### 6.1. Главна хипотеза во истражувањето

*Функционалноста на семејството е поврзана со позитивни чувства на малолетниците во семејството, подобра комуникација, активна вклученост на родителите во секојдневието на нивните деца, поискрен меѓусебен однос, како и помало манифестирање на негативни форми на однесување во училиштето и на девијантно однесување во општествената средина.*

### 6.2. Посебни хипотези во истражувањето

**Хипотеза 6.2.1**: Малолетниците од функционалните семејства се чувствуваат сакани, згрижени, утешени од страна на нивните родители и имаат помало чувство на осаменост и на неприпаѓање во семејството.

**Хипотеза 6.2.2:** Комуникацијата помеѓу малолетниците и нивните родители во функционалните семејства е успешна и ефикасна, а родителите имаат увид во размислувањата и однесувањето на нивните деца.

**Хипотеза 6.2.3:** Во функционалните семејства родителите се активно вклучени во животот на нивните деца, имајќи увид во наставните и вонваставните активности на нивните деца, пријателите на децата и заедничките активности што ги прават во слободното време.

**Хипотеза 6.2.4:** Во функционалните семејства малолетниците имаат искрен однос со родителите, исполнет со доверба и разбирање.

**Хипотеза 6.2.5:** Малолетниците од функционалните семејства поретко се вклучуваат во негативните однесувања на училиште, како што се мамење, меѓуврсничко насилство и прекршување на некои од општествени правила и норми.

**Хипотеза 6.2.6:** Малолетниците од функционалните семејства во социјалната средина се однесуваат општествено одговорно и манифестираат помалку насилство.

**Хипотеза 6.2.7**: Малолетниците од функционалните семејства поретко се вклучуваат во девијантни поведенија, како што се претерано консумирање на алкохол, дрога или други психотропни супстанции.

## 7. Методи и техники на истражувањето

### Мерни инструменти

За потребите на ова истражувње е користен еден стандардизиран инструмент

**Инструмент 1.** Анкетен прашалник за функционирање на семејството се користи со цел да се измери односот меѓу членовите на семејството и неговата функционалност. Прашалникот се состои од 47 прашања, а на секој исказ се одговара со скала од 1 до 7 (1-никогаш и 7-секогаш). Целта е да се добие претстава во какви односи се децата со родителите, каква е нивната семејна средина, дали родителите се инволвирани во животот на своите деца, дали децата се чувствуваат безбедно, сакано, за да можат да ги споделат своите проблеми со родителите, дали децата манифестираат некое девијантно поведение и дали прекршиле некои од општествените правила и норми.

### Популација и примерок на истражувањето

Во ова истражување зедоа учество вкупно 100 испитаници, на возраст од 14-18 години, ученици во средните училишта во Општина Струмица: ДСУ „Никола Карев“, СОУ „Јане Сандански“ и СОУ „Димитар Влахов“.

### Организација и тек на истражувањето

По претходно објаснување на темата и целта на истражувањето, а со дозвола за негово спроведување, во гореспоменатите училишта и во Центарот за социјални грижи, на испитаниците им беше испратен онлајн-прашалник со инструкции да одговараат искрено и да не прескокнуваат прашања. Истражувањето, кое беше целосно анонимно, е спроведено во текот на 2023 година.

## 8. Резултати од истражувањето

Првите девет прашања од зададениот прашалник се однесуваат на демографските податоци на испитаниците. Од добиените одговори на овој дел од прашалникот, може да се констатира дека најголем број на испитаници се на возраст од 16, при што поголем дел од нив живеат во град. Во истражувањето, побројни се припадничките на женскиот пол. Испитаниците живеат најчесто со родителите и брат/сестра, но и во проширено семејство составено од родителите, браќа или сестри, баба и дедо и чичко. Бројот на членови во семејството варира од 3 до 7. Најбројни се оние кои во семејството имаат по 2 члена под 18 години. Во однос на образованието на родителите, поголем дел од нив имаат завршено средно училиште, додека со завршено високо образование побројни се мајките, за разлика од татковците. Во однос на месечните примања, најбројни се оние семејства со месечни примања над 40.000 денари.

Понатаму, почнувајќи од прашањето број 10, па сè до прашањето број 47, прашалникот е поделен на неколку сегменти кои се однесуваат на истражувачките потхипотези.

Првиот сегмент (од 10 до 14 прашање) се однесува на тоа како испитаниците се чувствуваат во семејството. Генерално, може да се констатира дека поголем дел од испитаниците одговориле дека семејствата се грижат за нивните потреби, покрај нив се чувствуваат сакано, ги тешат кога се несреќни, не се чувствуваат осамено и не се чувствуваат како аутсајдери во семејството. Останатиот дел од испитаниците, кој е во многу мал процент, чувствуваат осаменост, неприфатеност и негрижа од страна на родителите.

На сликата бр 1 се прикажани одговорите на десеттото прашање: „Дали семејството се грижи за твоите потреби?“. Притоа, поголем дел од испитаниците одговориле потврдно (84%), додека оние кои одговориле негативно се во помал број (14%).




Слика бр.1: Приказ на примерокот во однос на тоа колку семејството се грижи за потребите на децата

Одговорите на прашањето бр. 11: „Дали се чувствуваш сакано во семејството?“, се прикажани на сликата бр. 2. Видливо е дека поголем дел од испитаниците припаѓаат на оние кои одговориле потврдно (81%), а дел од нив одговориле негативно (9%).




Слика бр.2: Приказ на примерокот во однос на тоа дали се чувствуваат сакано во семејството

На сликата бр. 3 се дадени одговорите на прашањето број 12: „Дали родителите се тука за да те утешат кога си несреќен/на?“. Поголем дел одговориле потврдно (76%), додека помал дел дале негативни одговори (16%).




Слика бр. 3: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родители се тука за да ги утешат кога се несреќни

На прашањето број 13: „Дали се чувствуваш како аутсајдер во семејството?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (75%), додека помал дел од нив дале позитивен одговор (16%). Одговорите на испитаниците се прикажани на сликата бр.4.




Слика бр. 4: Приказ на примерокот во однос на тоа дали се чувствуваат како аутсајдери во семејството

На прашањето под број 14: „Дали се чувствуваш осамен/а кога си со родителите?“, поголемиот дел им припаѓа на испитаниците кои одговориле со никогаш (74%), а помал дел се оние кои дале потврдни одговори (18%). Одговорите се прикажани на слика бр. 5.




Слика бр. 5: Приказ на примерокот во однос на тоа дали се чувствуваат осамени кога се со нивните родители.

Вториот сегмент ги опфаќа прашањата од 15 до 18 и се однесува на аспектите на комуникацијата во семејството. Во овој дел, испитаниците, исто така, во поголем број одговориле позитивно т.е. дека имаат добра комуникација со семејството, ги споделуваат своите проблеми со родителите кои ги сослушуваат и им даваат совети како да се справат во одредени ситуации, односно имаат влијание врз начинот на размислување на испитаниците. Кај помал дел од испитаниците се јавува обратна ситуација, односна имаат слаба комуникација или воопшто ја немаат, ниту, пак, родителите имаат влијание врз начинот на кој нивните деца дејствуваат и размислуваат.

На прашањето број 15: „Дали твоите родители се тука за да те сослушаат кога имаш проблем?“, поголемиот дел и припаѓа на која одговорила потврдно (79%), а помал дел се оние кои дале негативни одговори (14%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 6.




Слика бр.6: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родителите се тука за да ги сослушаат кога имаат проблем.

На прашањето број 16: „Дали споделуваш проблеми со членови од потесниот круг на семејството или другари/ки?’“, поголем дел од испитаниците одговориле потврдно (64%), додека помал дел дале негативен одговор (22%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 7.




Слика бр.7: Приказ на примерокот во однос на тоа дали споделуваат проблеми со членови од потесниот круг на семејството или другари/ки.

На прашањето под број 17: „Дали ти е важно да имаш родители/членови од потесниот круг на семејството со кои можеш да зборуваш за сè и да споделуваш сè?“, поголем дел од испитаниците одговориле потврдно (89%), додека помал процент им припаѓа на оние со негативни одговори (13%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 8.




Слика бр.8: Приказ на примерокот во однос на тоа дали им е важно да имаат родители/членови од потесниот круг на семејството со кои ќе можат да зборуваат за сè и да споделуваат сè.

На прашањето под број 18: „Дали твоите родители имаат влијание врз начинот на кој размислуваш и дејствуваш?“, поголем дел им припаѓа на оние кои одговориле позитивно (61%), а помал дел, пак, на оние кои дале негативни одговори (28%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 9.




Слика бр.9: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родителите имаат влијание врз начинот на кој размислуваат и дејствуваат.

Третиот сегмент се однесува на вклученоста на родителите во активностите на децата и е опфатен со прашањата од 19 до 22. Во овој дел, вклученоста на родителите во училишните активности на децата е на многу ниско ниво, додека, пак, вклученоста во вонучилишните активности, односно социјалните дружби, како што се излегувања, пријатели, забави, одредено хоби, како и заеднички активности со самите нив, е на повисоко ниво.

На прашањето број 19: „Дали твоите родители учествуваат во твоите училишни активности, како на пр. пишување домашна задача, потоа во спортските и други активности во рамките на училиштето?", поголем дел одговориле негативно (66%), додека помал дел од испитаниците одговориле потврдно (25%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 10.




Слика бр. 10: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родителите учествуваат во активностите на децата како што се: пишување на домашна задача, спортски и други активности во рамките на училиштето.

На прашањето под број 20: „Дали  родители се вклучени и запознаени со твоите активности со пријателите надвор од училиштето, на пример: забави, ноќни излегувања, планинарење или некое хоби?“, поголем дел од испитаниците одговориле потврдно (71%), а помал дел дале негативни одговори (27%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 11.




Слика бр. 11: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родителите се вклучени и запознаени со нивните активности со пријателите надвор од училиштето, како на пример: забави, ноќни излегувања, планинарење или некое хоби.

На прашањето под број 21: „Дали ги запознаваш родителите со сите твои пријатели?“, поголем дел одговориле позитивно (66%), додека помал дел дале негативни одговори (24%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 12.




Слика бр. 12: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците ги запознаваат родителите со сите свои пријатели.

На прашањето под број 22: „Дали ти се важни активностите што ги правиш со твоите родители?“, поголем дел одговориле позитивно (73%), додека помал дел дале негативни одговори (15%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 13.




Слика бр. 13: Приказ на примерокот во однос на тоа дали се важни активностите што ги прават заедно со своите родители.

Четвртиот сегмент, опфатен со прашањата од 23 до 28, е насочен кон односот на испитаниците со родителите. Во врска со односот дете - родител, испитаниците одговориле дека е исклучително важно да се има искрен однос со родителите и да се кажува вистината. Но, доколку постапат неисправно, односно некоректно, за тоа како се однесуваат во училиште, мамат на тестови, препишуваат и сл. најчесто поминуваат неказнето и родителите не ги казнуваат, па како резултат на тоа испитаниците немаат потреба да ги лажат за да ја задржат нивната доверба.

На прашањето под реден број 23: „Дали ти е важно да бидеш искрен/а со твоите родители кога си згрешил/а, иако можеш да бидеш казнет/а и да ги налутиш?“, поголем дел од испитаниците одговориле потврдно (66%), додека помал дел одговориле негативно (15%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 14.




Слика бр.14 : Приказ на примерокот во однос на тоа дали им е важно да бидат искрени со родителите кога згрешиле, иако можат да бидат казнети и да ги налутат.

На прашањето под број 24: „Дали ти е поважно да оставиш добар впечаток, отколку да им ја кажеш вистината на родителите?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (63%), додека помал број од нив одговориле позитивно (28%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 15.




Слика бр. 15: Приказ на примерокот во однос на тоа дали е поважно да остават добар впечаток, отколку да им ја кажат вистината на родителите.

На прашањето под број 25: „Дали твоите родители те казнуваат или дисциплинираат кога си направил/а нешто што не треба?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно ( 53%), додека помал дел од нив одговориле позитивно (34%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 16.




Слика бр. 16: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родителите ги казнуваат или дисциплинираат испитаниците кога направиле нешто што не треба.

На прашањето под реден број 26: „Дали мамиш на тестови во училиште?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (57%), додека помал дел од нив одговориле позитивно (29%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 17.




Слика бр. 17: Приказ на примерокот во однос на тоа дали мамат на тестови во училиштето.

На прашањето под број 27: „Дали твоите родители реагираат бурно за мамење на тестови?“, поголем дел од нив одговориле негативно (61%), додека помал дел одговориле позитивно (34%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 18.




Слика бр. 18: Приказ на примерокот во однос на тоа дали родителите на испитаниците реагираат бурно за мамење на тестови.

На прашањето под број 28: „Дали понекогаш е потребно да ги лажеш родителите за да ја задржиш нивната доверба?“, поголем дел од нив одговориле негативно (63%), додека помал дел одговориле позитивно (28%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 19.




Слика бр. 19: Приказ на примерокот во однос на тоа дали понекогаш е потребно испитаниците да ги лажат родителите за да ја задржат нивната доверба.

Петтиот сегмент, кој ги опфаќа прашањата од 29 до 36, е насочен кон однесувањето на испитаниците во училиштето. Од добиените резултати може да се констатира дека негативните однесувања, како мамење, меѓуврсничко насилство и прекршување на

некои од општествени правила и норми е процентуално помало во однос на очекувањата.

На прашањето број 29: „Дали можеш да успееш на училиште без да мамиш на тестовите?“, поголем дел од испитаниците одговориле потврдно (75%), додека помал дел одговориле негативно (20%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 20.




Слика бр. 20: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците можат да успеат на училиште без да мамат на испити или тестови.

На прашањето под број 30: „Дали, за да стекнеш почит од пријателите, понекогаш е потребно да истепаш некое од другите деца?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (88%), додека помал дел одговориле позитивно (11%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 21.




Слика бр. 21: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците, за да стекнат почит од пријателите, понекогаш е потребно да истепаат некое од другите деца.

На прашањето под број 31: „Дали си подготвен да прекршиш некои од правилата за да бидеш популарен меѓу пријателите?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (77%), додека помал дел од нив одговориле позитивно (15%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 22.




Слика бр. 22: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците се подготвени да прекршат некои од правилата за да бидат популарни меѓу пријателите.

На прашањето под број 32: „Дали понекогаш е потребно да прекршиш некои од правилата на родителите за да зачуваш некои од твоите пријатели?“, поголем дел од нив одговориле негативно (62%), додека помал дел дале позитивен одговор (24%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 23.




Слика бр. 23: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците понекогаш е потребно да прекршат некои од правилата на родителите за да зачуваат некои од своите пријатели.

На прашањето под број 33: „Дали си бил/а жртва на меѓуврсничко насилство (булинг)?‘‘, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (65%), додека помал дел од нив одговориле позитивно (19%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 24.




Слика бр. 24: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците биле жртва на меѓуврсничко насилство (булинг).

На прашањето под број 34: „Дали си бил/а сведок на некој вид на насилство?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (50%), додека помал дел од нив одговориле позитивно (36%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 25.




Слика бр. 25: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците биле сведок на некој вид на насилство.

На прашањето под број 35: „Дали биле одземени нешта од тебе (или имало обид да ти ги одземат), употребувајќи сила и закани дека ќе те повредат?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (77%), а помал дел од нив одговориле позитивно (14%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 26.




Слика бр. 26: Приказ на примерокот во однос на тоа дали на испитаниците им биле одземени нешта или имало обид да им ги одземат со употреба на сила и закани дека ќе ги повредат.

На прашањето под број 36: „Дали некои од твоите работи биле намерно уништени или оштетени како, на пр., дупнување гума на велосипед, скината облека, искинати книги и сл.?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (69%), додека помал дел дале позитивни одговори (16%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 27.




Слика бр. 27: Приказ на примерокот во однос на тоа дали на испитаниците им биле намерно уништени или оштетени некои од нивните работи како, на пример, дупнување гума на велосипед, скината облека, искинати книги и сл.

Шестиот сегмент, кој ги опфаќа прашањата од 37 до 42, е насочен кон однесувањето на испитаниците во социјалната средина. Добиените резултати покажуваат дека поголем дел од испитаниците се однесуваат општествено одговорно во средината во која живеат и со значително мал процент на насилство.

На прашањето под број 37: „Дали си бил/а удрен/а од некој друг, освен од твоите родители?", поголем дел од испитаниците одговориле негативно (75%), а помал дел дале позитивни одговори (10%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 28.




Слика бр. 28: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците биле удрени од некој друг, освен од нивните родители.

На прашањето под број 38: „Дали си бил удрен/а  или си се заканувал/а дека ќе удриш некого без некоја посебна причина?", поголем дел од испитаниците одговориле негативно (78%), додека помал дел дале позитивен одговор (10%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 29.




Слика бр. 29: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците биле удрени или се заканувале дека ќе удрат некого без некоја посебна причина.

На прашањето под број 39: „Дали намерно си оштетил/а имот кој не ти припаѓа тебе?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (85%), додека, пак, мал дел од нив одговориле позитивно (8%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 30.




Слика бр. 30: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците имаат намерно оштетено имот кој не им припаѓа ним.

На прашањето под број 40: „Дали некогаш си оштетил/а некои културни добра и вредности (културни предмети, уметнички и книжевни дела, споменици на културата, слики)?“, поголем дел дале негативен одговор (88%), додека помал дел од испитаниците одговориле позитивно (5%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 31.




Слика бр. 31: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците оштетиле имот или некои културни добра и вредности, културни предмети, уметнички и книжевни дела, споменици на културата и слики.

На прашањето под број 41: „Дали некогаш си провалил/а во кола или зграда за да украдеш нешто?“, поголем број од испитаниците дале негативен одговор (93%), додека многу мал дел одговориле позитивно (3%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 32.




Слика бр. 32:  Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците некогаш провалиле во кола или зграда за да украдат нешто.

На прашањето под број 42: „Дали си фрлил/а камења или шишиња по луѓе или автомобили?“, поголем дел одговориле негативно (91%), додека сосем мал број од испитаниците одговориле позитивно (4%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 33.




Слика бр. 33: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците некогаш фрлиле камења или шишиња по луѓе или коли.

Седмиот сегмент ги опфаќа прашањата од 43 до 47 и се однесува на девијантни поведенија на испитаниците. Овде може да се забележи дека повеќето од испитаниците не консумираат алкохол, цигари, дрога или други психотропни

супстанци. Во однос на хазардните игри, исто така, постои мал процент на оние кои се наклонети кон нивно практикување, а поголем дел воопшто и не практикуваат.

На прашањето под број 43: „Дали пушиш цигари?“, поголем дел одговориле негативно (65%), додека помал дел од испитаниците одговориле позитивно (28%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 34.




Слика бр. 34 : Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците пушат цигари.

На прашањето под број 44: „Дали конзумираш алкохол (пиво, вино, жесток вид пијалаци)?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (55%), додека помал дел дале позитивни одговори (27%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 35.




Слика бр. 35: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците консумираат алкохол (пиво, вино, жесток вид на пијалоци).

На прашањето под број 45: „Дали консумираш опојна дрога или други психотропни супстанци?“, доста голем дел одговориле негативно (91%), додека многу мал дел одговориле позитивно (5%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 36.




Слика бр. 36: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците консумираат опојни дроги или психотропни супстанци.

На прашањето под број 46: „Дали некогаш си се појавил/а под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанци на јавни места?“, поголем дел одговориле негативно (74%), додека помал дел одговориле позитивно (18%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 37.




Слика бр. 37: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците се појавиле под дејство на алкохол, дрога или психотропни супстанци на јавни места.

На прашањето под број 47: „Дали играш некои од хазардните игри, како што се  игрите на среќа (обложувалници, грепки, лото и сл.)?“, поголем дел од испитаниците одговориле негативно (78%), додека помал дел одговориле позитивно (17%). Одговорите се прикажани на сликата бр. 38.




Слика бр. 38: Приказ на примерокот во однос на тоа дали испитаниците играат некои од хазардни игри како: лото,обложувалници,  игри на среќа и сл.

**9. Дискусија**

Семејството е примарна институција каде детето ги учи основните вредности и норми на културата во која ќе порасне. Детето треба внимателно да се негува, ужива и да се обликува во одговорна личност со добри вредности и силна етика. Затоа, важно е да им се обезбеди најдобра грижа на децата, за да пораснат во физички, ментално и емоционално силни личности. Во процесот на социјализација, личниот пример во семејството игра многу важна улога, затоа што децата се природно ориентирани кон своите родители, кои им претставуваат „пример“, како за однесување, така и за заземање ставови за одредени прашања со кои ќе се соочуваат во животот. Семејството е основната единица во која сите растеме, па, сакале или не, остава многу длабок впечаток. Функционалното семејство го промовира правилниот развој на своите членови, дозволувајќи му на секој да ја покаже својата индивидуалност, додека дисфункционалното семејство создава токсична средина која интелектуално или

емоционално ги поништува неговите членови, па дури и може да стане плодна почва за широк спектар на психолошки нарушувања.

Првичната цел на оваа истражување е да се провери главната хипотеза, според која „функционалноста на семејството е поврзана со позитивни чувства на малолетниците во семејството, подобра комуникација, активна вклученост на родителите во секојдневието на нивните деца, поискрен меѓусебен однос, како и помало манифестирање на негативни форми на однесување во училиштето и девијантно однесување во општествената средина“.

Од добиените резултати може да се констатира дека главната хипотеза се потврдува. Во согласност со одговорите на првиот сегмент од прашањата, поголем број од испитаниците одговориле дека семејствата се грижат за нивните потреби, се чувствуваат сакано, родителите се тука за да ги утешат кога се несреќни и тие не се чувствуваат како аутсајдери во семејството, со што можеме да утврдиме дека родителите создале здрава врска и однос со своите деца. Понатаму, од соопштените резултати на вториот сегмент од прашања, видливо е дека родителите, генерално, имаат добра комуникација со децата, тие се чувствуваат комотно и сигурно да ги искажат и споделат своите проблеми, родителите ги сослушуваат и им даваат совети како да се справат во одредени ситуации во кои се наоѓаат нивните деца, што укажува на тоа дека имаат влијание врз начинот на кој децата размислуваат и дејствуваат.

Во третиот анализиран сегмент, пак, видливо е дека вклученоста на родителите во активностите на децата надвор од училиштето, како хобија, излегувања, социјални дружби, пријатели на децата и заеднички активности, според одговорите на испитаниците, е на повисоко ниво, додека нивната вклученост во училишните активности е на пониско ниво. Од овие добиени одговори се согледува дека родителите сепак имаат контрола врз случувањата во животот на децата и се упатени во нивното секојдневие. Анализите на одговорите на испитаниците дадени во четвртиот сегмент, кој се однесува на односот родител-дете, покажуваат дека за малолетниците е исклучително важно да имаат искрен однос со родителите дури и кога се однесуваат некоректно, односно недозволиво (на пр. кога препишуваат или мамат на тестови), така што немаат потреба да ги лажат родителите за да ја задржат

нивната доверба. Воедно, тие најчесто поминуваат без казни од страна на родителите дури и кога ќе направат некое од погоренаведените отстапувања од прифатените норми и правила на однесување. Оттука, може да се согледа дека искреноста на децата генерално не заостанува дури и кога направиле грешки, иако знаат дека можат да ги налутат родителите и да добијат казни.

Во согласност со соопштените наоди за петтиот сегмент на прашања, негативните однесувања, како што се мамење, меѓуврсничко насилство (булинг), општествено неприфатени однесувања и кршење на општествените правила и норми во рамките на училиштето, сепак, процентуално, се помалку застапени, со што може да се констатира дека децата не се склони кон посочените негативни однесувања, за разлика од примерите од западните земји. Понатаму, од шестиот сегмент, кој се однесува на однесувањето на малолетниците во социјалната средина, може да се заклучи дека децата се општествено одговорни кон средината во која живеат и дејствуваат, со значително мал процент на насилство. Конечно, анализите на седмиот сегмент на прашања, кој се однесува на девијантните поведенија на малолетните испитаници, упатуваат на заклучок дека поголем дел од нив не консумираат алкохол и цигари, додека, пак, дрога и психотропни супстанци воопшто и не консумираат. Во однос на хазардните игри, постои многу мал процент кој ги практикува, додека поголем дел воопшто и не ги практикуваат.

Од добиените резултати по сите анализирани сегменти се потврдува главната хипотеза дека функционалноста на семејството негува здрави навики, сигурни врски и добра комуникација, со што обезбедува децата во иднина да продолжат да основаат свои стабилни и хармонични семејства. Тоа се семејства каде децата се чувствуваат сигурни и имаат каде да се засолнат кога ќе наидат на проблем, ќе бидат сослушани и насочувани како да продолжат по правилниот пат, ќе создаваат здрава средина каде истите овие вредности ќе бидат предадени на следните генерации. Токму затоа, да се расте во функционално семејство е од голема важност за нормално функционирање на едно општество.

Функционалното семејство не е наменето да биде совршено, напротив, таквите семејства се сосема свесни дека целта не е совршенството. Во функционалното

семејство сите се свесни за постоењето на слабости. Тие слабости не се сметаат како нешто што треба да се крие. Децата и родителите ги признаваат и со текот на времето работат на нив. Функционалното семејство е место каде луѓето се чувствуваат како да можат заедно да растат, без притоа да ја доведат во прашање својата индивидуалност. Меѓу членовите на семејството има љубов и единство, но и индивидуалност. Тие сакаат да бидат дома, за нив, да се помине поголем дел од времето во семејниот дом, буди убави чувства. Во домот нема многу критики. Луѓето одвојуваат време еден за друг, си нудат поддршка и си даваат насоки. Родителите се грижат за семејството и неговата благосостојба, правејќи ја нивен главен приоритет во животот. Тие ги учат своите деца и им даваат добар пример, којшто тие треба да го следат. Повторно, функционалното семејство не е совршено, но тоа е семејство каде неговите членови чувствуваат дека, вклучувајќи ги сите силни и слаби страни, тоа е обединета организација која е наменета за зајакнување на секој член.

Секој обид да се разберат „тајните“ на цврстите и функционални семејства мора да започне со разбирање на дефиницијата за успешно семејство. Семејството може да се идентификува како успешно и функционално според карактеристиките на поединечните членови, според карактеристиките на семејната интеракција или според степенот до кој исполнува одредени функции кои се сметаат за одговорност на семејството. Некои истражувачи пристапуваат кон прашањето за дефинирање на успешно и функционално семејство преку развивање модели и перспективи за неговите функции. Функциите што се користат имаат тенденција да бидат психолошки, наместо општествени или економски функции на семејството. На пример, Луис и Луни (Lewis & Looney, 1983), пристапувајќи кон проучувањето на семејството од клиничка перспектива, ги користат двете кардинални задачи на семејството на Парсон за да го водат своето истражување: „Семејството треба да одгледува деца кои стануваат автономни и треба да обезбеди доволна емоционална поддршка за стабилизирање на личноста на родителите и продолжување на нивното емоционално созревање. Доколку семејството ги исполнува овие задачи, може да се смета за компетентно; доколку не успее во едната или двете задачи, може да се смета за помалку компетентно или нефункционално“ (Lewis & Looney, 1983). Така, семејството е успешно

до степен до кој обезбедува средина соодветна за развој на детето и на родителите подеднакво.

Стинет (Stinnett, 1979), кој поаѓа од гледна точка на истражувањето на силните страни на семејството, предлага дека успешното или силно семејство „создава чувство на позитивен семеен идентитет, промовира задоволувачка и исполнета интеракција меѓу членовите, го поттикнува развојот на семејната група и членовите на поединецот и е способна да се справи со стрес" (Stinnett, 1979). Оваа дефиниција што ја користи Стинет се разликува од Луис по тоа што вклучува елемент на задоволство од семејниот живот, покрај позитивните индивидуални исходи. Стинет (Stinnett, 1986) ја опишува посветеноста кон семејството на следниов начин: „Посветеноста... оди во две насоки. Секој член на семејството е ценет; секој е поддржан и прифатен. Во исто време тие се посветени на семејството како единица. Тие имаат чувство како да се биде тим; тие имаат семеен идентитет и единство. Кога надворешните притисоци (работата, на пример) се закануваат да го отстранат семејството од нејзиниот главен приоритет, членовите на силните семејства преземаат акција и прават жртви, доколку е потребно, за да се зачува семејната благосостојба" (Stinnett, 1986). Постои значителна количина на конзистентност во функционалното семејство, но, исто така, има свои подеми и падови. Секое семејство може некое време да излезе од колосек. Членовите на едно функционално семејство понекогаш имаат многу тешки епизоди, но тие можат да ги препознаат, да се здружат во решавањето на проблемите и да го понудат своето најдобро размислување и грижа за правење некакво пренасочување, така што семејството се чувствува подобро, бидејќи согледува во која насока оди. Во функционалното семејство на сето ова се гледа како дел од долг процес на учење и растење, којшто се доживува заедно. Родителите и децата учат од сопствените, индивидуални, искуства, но, исто така, учат и од другите членови во семејството, додека споделуваат проблеми едни со други.

## 10. Заклучок

Социјализацијата започнува со раѓање. Во моментот на раѓање добиваме нараквица со број, за да не се направи грешка во болница; добиваме сина или розова облека, во зависност од тоа дали сме родени како момче или девојче. Со тој чин се започнува процесот на учење на нашите улоги во општеството, учење на општествените норми.

Во текот на својата историја, општеството речиси секогаш го сметало семејството за главен фактор на развојот на личноста на детето и главна институција за образование и воспитување. Детето ги следи моделите на однесување поставени од членовите на неговото семејство, ги споделува нивните ставови и интереси, што придонесува за формирање на неговите морално-психолошки квалитети. Системот на вредности на семејството функционира како основа за развој и проширување на погледот на детето. Покрај тоа, семејната атмосфера влијае на формирањето на карактерот на детето. Овој ефект се акумулира со текот на времето и го олеснува појавувањето на нови карактерни црти. Практично, нема социјални или психолошки аспекти на однесувањето на една личност кои не се засноваат на традициите на неговото семејство и особеностите на начинот на живот, ниту во сегашноста, ниту во минатото. Семејството е главната компонента на социјализација во општественото уредување. Децата стекнуваат рудиментирани впечатоци за пристојност и неискреност од своето семејство. Семејството може да го оформи карактерот на децата во конструктивен и деструктивен интелект.

Секој родител претставува модел за однесување на своето дете. Во каква личност ќе се развива детето најмногу зависи од семејството во кое пораснало самото дете, навиките стекнати во семејството, односот меѓу родителите, но и односот кон децата. Доколку родителите се полни со љубов, грижа и разбирање кон децата, голема е веројатноста дека тие ќе го проектираат тоа во иднина на своите деца. Важна улога игра и тоа колку децата се чувствуваат сакано и сигурно и дали родителите им претставуваат сигурно место каде ќе се вратат кога ќе наидат на проблеми. Комуникацијата и надзорот на детето им овозможуваат да имаат контрола врз децата и на начинот на кој тие размислуваат, со што се намалува можноста од негативни појави во иднина, општествено неприфатливи однесувања, како и однесувања кои се

казниви со закон, односно девијантно или деликвентно однесување. Во истражувањето кое го спроведов во 2023 година, можеме да видиме дека родителите оформиле цврсти врски со децата, тие се чувствуваат сакано и прифатено и сигурни се во тоа да споделуваат проблеми со своите родители во какви било ситуации без да се плашат дека ќе бидат одбиени од нив. Надзорот кој родителите го поставиле врз децата овозможува следење на постапките и контрола над нивните деца, начинот на кој тие дејствуваат и размислуваат, со што се намалени негативните и општествено неприфатливите однесувања, бидејќи се општествено одговорни кон средината во која битисуваат, но и кон своите врсници. Слични истражувања се направени и од други истражувачи.

Конекцијата родител-дете е поврзана  со широк опсег на здравствени индикатори. Блиските, позитивни семејни односи, кои имаат отворена комуникација, им помагаат на младите да останат здрави и да избегнуваат употреба на супстанции, лошо психолошко здравје, ризично сексуално однесување и насилни врски (Steiner, R. J., Sheremenko, G., Lesesne, C., Dittus, P. J., Sieving, R. E., & Ethier, K. A., 2019); (Gervais, C., & Jose, P. E., 2020). Семејната топлина и поддршка, заедно со практиките за управување со семејството (на пример, заеднички оброци, следење, знаење на родителите за пријателите на нивното дете), исто така, можат да играат улога во позитивните развојни резултати, како што се емоционалната регулација, љубопитноста и адаптивното справување (Gervais, C., & Jose, P. E., 2020);  (Beckmeyer, J. J., Su-Russell, C., & Russell, L. T., 2020).  Според истражувањата кои ги спровеле во однос на споделувањето идеи и разговорот за работи кои навистина се важни, повеќето родители на адолесценти (12-17 години) чувствуваат дека тоа го прават донекаде добро или многу добро; само 7% сметаат дека не можат добро да комуницираат. Дополнително, 86% од средношколците изјавиле дека нивните родители или други возрасни лица во нивното семејство секогаш или воглавно знаат каде одат или со кого ќе бидат. Конечно, 81% од адолесцентите (на возраст од 12-17 години) пријавуваат дека доаѓаат од семејства каде можат да зборуваат за семејните проблеми, да работат заедно за да ги решат и да останат со надеж дека можат да се соочат со овие проблеми. Сѐ упатува кон тоа дека за личноста да порасне во нормална и психофизички здрава, потребно е семејство кое, пред сѐ, ќе се грижи за потребите на

децата, ќе воспостави здрава комуникација, ќе биде полно со љубов и разбирање кон децата, така што тие ќе бидат слободни да ги изразат своите потреби, проблеми и грижи, знаејќи дека нема да бидат осудувани, ниту, пак, отфрлени од страна на родителите, туку прифатени и насочени на вистинскиот пат. Сите овие карактеристики укажуваат на силно и цврсто семејство кое е спремно да го брани и заштити од надворешните сили и бариери. Децата во функционалните семејства уживаат благодат со родителите и се на добар пат да се реализираат во примерни граѓани на општеството. Семејството, сепак, е главен столб на општеството и прва институција за образување и воспитување на детето и доколку потфрли во својата улога, тогаш можеме да очекуваме дека сè почесто ќе се соочуваме со ситуации каде децата прават правни и кривични прекршоци, во исто време прекршувајќи ги и општествените правила и норми кои се воспоставени.

**Користена литература**


- Alami, A., Khosravan, S., Sadegh Moghadam, L., Pakravan, F., Hosseni, F. (2014). Adolescents' self-esteem in single and two-parent families. *International Journal of Community Based Nursing and Midwifery, 2(2), 69–76.*

- Amato, P., Patterson, S. (2017). Single-parent households and mortality among children and youth. *Social Science Research, 63: 253-262*

- Apel, R., Kaukinen, C. (2008). On the relationship between family structure and antisocial behavior: Parental cohabitation and blended households. *Criminology: An Interdisciplinary Journal, 46 (1) 35-69*

- Barnes, G. M., Hoffman, J. H., Welte, J. W., Farrell, M. P., Dintcheff, B. A. (2006). Effects of Parental Monitoring and Peer Deviance on Substance Use and Delinquency. *Journal of Marriage and Family, 68(4), 1084–1104*

- Bauman, Z. (1996). *Tourists and vagabonds: heroes and victims of postmodernity,* Institut für Höhere Studien (IHS), Wien Institute for Advanced Studies, Vienna

- Bauman, Z. (1983). Industrialism, consumerism and power. *Theory, Culture & Society* 1 (3): 32-43, SAGE Publications academic journals

- Bauman, Z. (2000). *Liquid Modernity.* Oxford: Polity Press in association with Blackwell Publishing Ltd, Cambridge

- Behere, A. P., Basnet, P., Campbell, P. (2017). Effects of family structure on mental health of children: A preliminary study. *Indian Journal of Psychological Medicine, 39 (4), 457–463.* Превземено од (*http://doi.org/10.4103/02537176.211767*).

- Bock, G., Goode, J. (1996). *Genetics of criminal and antisocial behavior.* London: Wiley, Chichester

- Bošković. M. (2002). *Socijalna patologija*. Novi Sad: Pravni fakultet u Novom Sadu

- Boulton, M. J., Smith, P. K. (1994). Bully/ Victim problems among middle schools children: Stability, self-perceived competence, peer perception and peer acceptance. *British Journal*

*of Developmental Psychology, 12(3), 315-329.* Превземено од (//efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://research.vu.nl/files/1837053/Camodeca%20Social%20Development%2011(3)%202002%20u.pdf)

- Boulton, M. J., Underwood, K. (1992). Bully/ Victim problems among middle schools children: *British Journal of Educational Psychology, 62*(1): 73–87. Превземено од (efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://research.vu.nl/files/1837053/Camodeca%20Social%20Development%2011(3)%202002%20u.pdf)

- Björkqvist, K., Ekman, K.., Lagerspetz, K. M. (1982). Bullies and victims: Their ego picture, ideal ego picture and normative ego picture. *Scandinavian Journal of Psychology, 23*(4), 307–313

- Bilić, V., Opić, S. (2013). Adolescentsko kockanje, uloga spola, nekih obiteljskih i školskih čimbenika*. Školski vjesnik, Загреб, 62* (4), 455-478

- Brlas. S. I Brlas. U., Ur. S. (2019). *Ovisnost i učenje ovisničkog ponašanja, Mladi educiraju mlade u prevenciji i suzbijanju ovisnosti.* Zavod za javno zdravstvo „Sveti Rok" Virovitičko-podravske županije, Virovitica, 11-13

- Buehler, C. (2006). Parents and Peers in Relation to Early Adolescent Problem Behavior. *Journal of Marriage and Family, 68*(1): 109–124

- Burt, S. A., Barnes, A. R., McGue, M., Lacono, W. G. (2008). Parental divorce and adolescent delinquency: Ruling out the impact of common genes. *Developmental Psychology,* 44(6), 1668-1677.

- Caballero. M. A., Ramos. L., González. C., Saltijeral, M. T. (2010). *Family violence and risk of substance use among Mexican adolescents, Child Abuse & Neglect*, Official Publication of the International Society for Prevention of Child Abuse and Neglect 34(8): 576-584

- CliffsNotes - Differential-association theory. Превземено од (https://www.cliffsnotes.com/study-guides/sociology/deviance-crime-and-social-control/theories-of-deviance)

- Čorbo. I. (2018). *Etiologija poremećaja u ponašanju, implikacije za prevenciju i tretman.* Završni magistarski rad. Filozofski fakultet Univerziteta u Sarajevu

- Craford. A. L., Novak. B. K. (2008*).* Parent-Child Relations and Peer Associations as Mediators of the Family Structure-Substance Use Relationship*, Journal of Family Issues* 29(2): 155-184.

-Crosswhite, J. M., Kerpelman, J. L. (2009). Coercion theory, self-control, and Social information processing: Understanding potential mediators for how parents influence deviant behavior. *Deviant Behavior, 30(7)*: 611-46.

- Demuth, S., Brown, S. L. (2004). Family structure, family processes, and adolescent delinquency: The significance of parental absence versus parental gender. *Journal of Research in Crime & Delinquency, 41(1): 5881.*

- Derzon, J. H. (2010). The correspondence of family features with problem, aggressive, criminal, and violent behavior: A meta-analysis. *Journal of Experimental Criminology, 6(3): 263–292.*

- Dornbusch, S. M., Carlsmith, J. M., Bushwall, S. J., Ritter, P. L., Leiderman, H., Hastorf, A. H., Gross, R. T. (1985). Single parents, extended households, and the control of adolescents. *Child Development* 56: 326-341

- Durkheim. E. (1985). *The rules of sociological method*. London: Palgrave

- Đuranović. M. (2019). Rizično socijalno ponašanje adolescenata u kontekstu vršnjaka. *Školski vjesnik, br. 1-2: 119-132.*

- Gervais, C., & Jose, P. E. (2020). How does family connectedness contribute to youths' health? The mediating role of coping strategies. *Family Process, 59(4), 1627-1647.*

- Glueck, S., Glueck, E. (1950). Unraveling Juvenile delinquency. Commonwealth Fund, 1950. *The ANNALS of the American Academy of Political and Social Science*, *274*(1): 246-247

- Hawker, D. S. J., Boulton, M. J. (2000). Twenty Years' Research on Peer Victimization and Psychosocial Maladjustment: A Meta-Analytic Review of Cross-Sectional Studies*. Journal of Child Psychology and Psychiatry and Allied Disciplines,* 41: 441-455. Превземено од (https://scirp.org/reference/referencespapers?referenceid=2033222)

- *Herrera, P. M. (1997).* La familia funcional y disfuncional, un indicador de salud**.** *Revista Cubana de Medicina General Integral, 13(6):* 591-595.

- Hollist, Dusten R., Hughes, Lorine A., Schaible, Lonnie M. *(2009).* Adolescent Maltreatment, Negative Emotion, and Delinquency: An Assessment of General Strain Theory and Family-based Strain*. Journal of Criminal Justice 37(4): 379-387 July.*

- Immarigeon, R. (1996). *Prison-Based Victim-Offender Reconciliation Programs (Restorative Justice: International Perspectives)*. New York: A Publication of the Office of the Juvenile Justice and Delinquency Prevention, *463-476.*

- Ilić. A. (2017). Bolesti i zavisnosti kao oblik društvene devijantnosti. *Pravo-teorija i praksa, br. 10-12, 13-27.*

- Jašović, Ž. (1978). *Kriminologija maloletničke delinkvencije*. Beograd: Naučna knjiga

- Јевтић, Б., Кнежевић-Флорић, О. (2011). *Изазови социјално педагошке делатности*, Ниш: Филозофски факултет.

- Juby, H., Farrington, D.P. (2001). Disentangling the link between disrupted families and delinquency. *British Journal of Criminology 41: 22-40*

- Jugovich, A. (2014). *Zapisi iz anomije, ogledi iz nauke o drushtvenim devijacijama*, Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja Gračanička 18

- Katz, C. (2001). Vagabond Capitalism and the Necessity of Social Reproduction*, Antipode,* 33(4): 709 - 728

- Kierkus, Christopher A., Hewitt, John D. (2009). The contextual nature of the family structure/delinquency relationship, *Journal of Criminal Justice,* 37(2): 123-132.

- Kornblum. W., Julian. J. (1995). *Social Problems. 8th Ed.* Englewood Cliff, New Jersey: Prentice-Hall Inc

- Kuzman. M., Pavić. L. Š., Pejnović- Franelić, I. (2012). *Ponašanje u vezi sa zdravljem u djece školske dobi.* Zagreb, Hrvatski zavod za javno zdravstvo

- Kupens, S., Ceulemans, E., (2018). Baumrind's Parenting Style and Maccoby & Martin's Parenting Style, Typologies-Parenting Styles: A Closer Look at a Well-Known Concept*, Journal of Child and Family Studies* (28): 168–181

- Крстић, О. (2009). *Малољетничка делинквенција*. Бања Лука: Факултет за безбједност и заштиту

- Kumpulainen, K., Rasanen, E., Henttonen, I. (1999). Children involved in bullying: psychological disturbance and the persistence of the involvement. *Child Abuse and Neglect* 23, 1253-1262. Превземено од:

(//efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://research.vu.nl/files/1837053/Camodeca%20Social%20Development%2011(3)%202002%20u.pdf)

- Kubrin, C. E., K., Stucky, T. D., Krohn, M. D. (2008). *Researching Theories of Crime and Deviance,* Oxford University Press, New York

- Khursheed, F., Urooj, T. (2012*).* Causes of juvenile delinquency among teenagers in Pakistani context. *Elixir Criminal Law 45, 7793-7796*

**-** *Конвенција за правата на детето. Конвенцијата беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 година*

- Lewis, J. M., & Looney, J.G. (1983)**.** *The long struggle: Well-functioning working class black families***.** New York: Brunner/Mazel.

- Љубичић, С. (2008). *Малолетнички криминалитет*. Нови Сад: Конзулт Студио

- Maurya, A, K., Parasar, A., Sharma, A. (2015). The effect of single parent and both parent's family on emotional and behavioral problems. *Indian Journal Of Health & Wellbeing, 6(12), 1235-1237.*

- MacArthur, J. D. (2005). *The Functional family. This article is adapted from a presentation made at the BYU Family Expo, April 2005.* Превземено од (//https://scholarsarchive.byu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1409&context=marriageand families)

- Marsh. A., Dale. A., Willis. L. (2007). *A Counsellor's Guide to Working with Alcohol and Drug Users,* Published by Drug and Alcohol Office, Perth, Western Australia

- Mahmood, K., Cheema, M. A. (2004). Empirical analysis of juvenile crime in Punjab, Pakistan. *Pakistan Journal of Life and Social Sciences, 2(2), 136–138*. https://pjlss.edu.pk/pdf_files/2004_2/2004_136-138.pdf

- McCurley, C., Snyder, Howard N. (2004). *Victims of Violent Juvenile Crime,* Justice Department, Juvenile Justice and Delinquency Prevention Office, Washington,DC

- Milosavljević M., Jugović, A. (2009). *Izvan granica društva – savremeno društvo i marginalne grupe.* Beograd: Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju.

- Nadra. N. (2023). What makes family dysfunctional? *Journal Very well Mind (https://www.verywellmind.com/what-is-a-dysfunctional-family-5194681*)

- *National Institutes of Health, National Institute of Drug Abuse- Understanding Drug Use and Addiction DrugFact, June 2018. Превземено од* (**https://nida.nih.gov/publications/drugfacts/understanding-drug-use-addiction**)

- Nikolić. S. (1990). *Mentalni poremećaji u djece i omladine 2*. Zagreb, Školska knjiga

- Nikolić-Ristanović, V., Kostantinović – Vilić. S., (2018). *Kriminologija,* Prometej, Beograd

- Nisar, M., Ullah, S., Ali, M., Alam, S. (2015). Juvenile Delinquency: The Influence of Family, Peer and Economic Factors on Juvenile Delinquents. *Scientia Agriculturae Journal 9(1):* 37-48,

- Olweus, D. (1991). Bully/victim problems among schoolchildren: Basic facts and effects of a school based intervention program. In D. J. Pepler & K. H. Rubin (Eds.), *The development and treatment of childhood aggression 411-448*. Hillsdale, NJ: Erlbaum.

- Olweus, D. (1993*). Bullying at school. What we know and what we can do*. Blackwell, Oxford UK and Cambridge USA. Превземено од (//efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://research.vu.nl/files/1837053/Camodeca%20Social%20Development%2011(3)%202002%20u.pdf)

- Olweus, D. (1997). Bully/victim problems in school: Facts and intervention. *European Journal of Psychology of Education* 12(4), 495–510.

- Ouellet-Morin. I., Odgers, C., Danese, A., Bowes, L., Shakoor, S., Papadopoulos, A., Caspi, A., Moffitt, TE., Arseneault, *L.* (2011). *Blunted cortisol responses to stress signal social and behavioral problems among maltreated/bullied 12-year-old children 70(11): 1016-1023.* Превземено од (https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/21839988/)

- Owens-Sabir, C. M. (2007*). The effects of race and family attachment on self-esteem, self-control, and delinquency.* New York: LFB Scholarly Pub

- Pavlović, Z. (2007). *Saradnja škole i porodice- Porodične vrednosti u tranziciji.* Srbija u komparativnoj perspektivi *40-54. Institut društvenih nauka, Beograd*

- *Parks, A. B. (2013). The Effects of Family Structure on Juvenile Delinquency. East* Tennessee State University- Electronic Theses and Dissertations

- Paušek. K., Žuvela. I. P., Paušek. D., Sindik. J. (2017*).* Sociološki osvrt na devijantno ponašanje maloljetnika u Blatu na otoku Korčuli. *Sestrinski glasnik, 3, 254-261*

- Price, C., Kunz, J. (2003). Rethinking the paradigm of juvenile delinquency as related to divorce. *Journal of Divorce and Remarriage 3: 109-133*

- Polovina N., Bogunović B. (2007). *Saradnja škole i porodice*, Beograd: Institut za pedagoška istraživanja 62(4): 704-706.

- Ptiček, M. (2014). *Stavovi medicinskih sestara o njihovoj ulozi u provođenju zdravstvenog odgoja u školi,* Diplomski rad, Zagreb; Medicinski fakultet Sveučilišta u Zagrebu. Превземено од ( https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:105:168213).

- Perry, D. G., Kusel, S. J., & Perry, L. C. (1988). Victims of peer aggression. *Developmental Psychology 24*(6), 807–814.

- Prestin-Latham, C. (2013). *Juvenile delinquency: A comparative analysis between divorced and married homes,* Masters Theses*, 1152, Family and Consumer Sciences,* Eastern Illinois University Превземено од (https://thekeep.eiu.edu/theses/1152)

- Reczek, C. R., Spiker, R., Liu, H., Crosnoe, R. (2016). Family structure and child health: Does the sex composition of parents matter? *Demography, 53(5), 1605-1630.*

- Ricijaš. N., Krajcer. M., Bouillet. D. (2010*).* Rizična ponašanja zagrebačkih srednjoškolaca, razlike s obzirom na spol. *Odgojne znanosti, 1, 45-63*

- Ricijaš, N., Brlas, U., Ur. S. (2019). *Kockanje mladih u Hrvatskoj. Mladi educiraju mlade u prevenciji i suzbijanju ovisnosti, 8-10.* Zavod za javno zdravstvo „Sveti Rok“ Virovitičko-podravske županije, Virovitica

- Savignac, J. (2009). *Families, youth and delinquency: The state of knowledge and family-based juvenile delinquency programs (Research Report 2009-1).* Ottawa: National Crime Prevention Centre, Public Safety Canada

- Stern, N. D. (1985). *The Interpersonal World of the Infant. A View from Psychoanalysis and Developmental Psychology.* London: Routledge

- Simons. R. L, Whitbeck. L., Conger. R., Conger, K. (1991). Parenting Factors, Social Skills, and Value Commitments as Precursors to School Failure, Involvement with Deviant Peers, and Delinquent Behavior. *Journal of Youth and Adolescence* 20(6):645-64

- Smith, K. P., Talamelli, L., Cowie, H., Nylor, B. P., Chauhan, P. *(2005).* Profiles of non-victims, escaped victims, continuing victims and new victims of school bullying, *British Journal of Educational Psychology* 74(4): 565-581.

- Šerepac, V. (2019). *Vršnjačko nasilje i nenasilno rješavanje sukoba. U Brlas, S. (Ur.), Mladi educiraju mlade u prevenciji i suzbijanju ovisnosti,* Zavod za javno zdravstvo „Sveti Rok" Virovitičko-podravske županije 23-24. Virovitica

- Schroeder, R. D., Osgood, A. K., Oghia, M. J. (2010). Family Transitions and Juvenile Delinquency, *PubMed* 80(4): 579-604.

- Stinnett, N., Chesser, B., & DeFrain, J. (Eds.). (1979*). Building family strengths (Vol.1) Blueprints for action.* Lincoln, NE: University of Nebraska Press

- Stinnett, N. (1986). Prepared statement before the House Select Committee on Children, Youth, and Families. In: *The diversity and strength of American families*. Washington, DC: US Government Printing Office.

- Steiner, R. J., Sheremenko, G., Lesesne, C., Dittus, P. J., Sieving, R. E., & Ethier, K. A. (2019). Adolescent connectedness and adult health outcomes. *Pediatrics.*

- Taylor, A. E. (Translator) (1934). *The Lows of Plato* (Plato (author),. London: Dent & Sons ltd

- Toby, J. (1957). Social disorganization and stake in conformity: Complementary factors in the predatory behavior of hoodlums. *Journal of Criminal Law, Criminology and Police Science 48*, 12-17

- Томић, Р., Шеховић, М., Хрвановић, М. (2006). *Комуникација са делинквентном децом.* Педагошка стварност

- Veladžić, N. (2013). Devijantne pojave i socijalna kontrola. *Kriminalističke teme*, *1-2, 152-166*

- Victoir, A., Eertmans. A., Van den Bergh. O., Van den Broucke, O. (2007). Association of substance use behaviours and their social-cognitive determinants in secondary school students, *Health Education Research, 1, 81-94.*

- Venus. M., Brlas. U., Ur. S (2019). *Prekomjerno pijenje alkohola mladih, Mladi educiraju mlade u prevenciji i suzbijanju ovisnosti, 14-19.* Zavod za javno zdravstvo „Sveti Rok“ Virovitičko-podravske županije, Virovitica

- Wright, K. N., Wright, K. E. (1994). *Family Life, Delinquency, and Crime: A Policymaker's Guide.* New York: A Publication of the Office of the Juvenile Justice and Delinquency Prevention

- Whitehead, D, B. (1993). *„Dan Quayle Was Right“, The Atlantic*. Превземено од (//efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://cdn.theatlantic.com/media/archives/1993/04/271-4/132676847.pdf)

- Winters, K.C., Specker, S., & Stinchfield, R.D. (1997). *Diagnostic interview for gambling severity (DIGS)*. Minneapolis: University of Minnesota Medical School 143-148.

- Wampler, R. S., Downs, A. B. (2010). Parent and peer attachment in minority males at high Risk for delinquency. *Clinical Social Work Journal*. 38(1), 107–119

- Walker-Barnes, C. J., Mason, C. A. (2004). Delinquency and Substance Use among Gang-Involved Youth: The Moderating Role of Parenting Practices. *American Journal of Community Psychology, 34* (3-4), 235–250

ПРИЛОГ: Анкетен прашалник конструиран за потребите на истражувањето

## Анкетен прашалник

Овој прашалник е анонимен и се користи строго за научни цели без да бидат злоупотребени вашите податоци.Не постои точен одговор на прашањата ,затоа ве молиме да бидете искрени со одговарање на прашањата. Ве молиме да дадете оценка колку секој исказ го опишува односот со вашите родители, вашето однесување и ставовои кои вие ги имате користејќи ја долу приложената скала:

| Никогаш | Речиси никогаш | Ретко | Понекогаш | Често | Речиси секогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |

1.Возраст________________________________________

2.Место на живење

а ) град б ) село

3. Пол

а ) м б ) ж

4. Со кого живееш?______________________________

5. Колку членови брои твоето семејство?________________________

6.Колку од нив се под 18 години?___________________________

7.Образование кое твојот татко го има завршено?

а)основно; б)средно; в)високо;

8.Образование кое твојата мајка го има завршено?

а)основно; б)средно ; в)високо;

9. Колку се месечните примања во твоето семејство?

а ) до 20.000 денари; б ) до 30.000 денари; в ) до 40.000 денари; г ) над 40.000 денари

10. Моето семејство се грижи за моите потреби 1 2 3 4 5 6 7

11. Се чуствуваш сакано во твоето семејство 1 2 3 4 5 6 7

12.Родителите се тука да те утешат кога си несреќен\а за нешто 1 2 3 4 5 6 7

13. Се чувствувам како аутсајдер во моето семејство 1 2 3 4 5 6 7

14. Се чувствуваш осамен\а кога си со твоите родители 1 2 3 4 5 6 7

15. Твоите родители се тука да те сослушаат кога имаш проблем 1 2 3 4 5 6 7

16. Споделуваш проблеми со членови на потесниот круг на семејството или другари\ки 1 2 3 4 5 6 7

17.Важно да имаш родители\членови од потесниот круг на семејството со кои можеш да зборуваш за се и да споделуваш се

1 2 3 4 5 6 7

18.Твоите родители имаат влијание за начинот на кој размислуваш и дејствуваш 1 2 3 4 5 6 7

19.Твоите родители учевствуваат во твоите школски активности на пр: пишување домашно, спортски активности, и други активности во склоп на училиштето 1 2 3 4 5 6 7

20.Твоите родители се вклучени и запознаени во твоите активности со пријателите надвор од школските активности на пример: забави, ноќни излегувања,планинарење или некое хоби 1 2 3 4 5 6 7

21.Ги запознаваш родителите со сите твои пријатели 1 2 3 4 5 6 7

22.Важни се активностите што ги правиш заедно со твоите родители 1 2 3 4 5 6 7

23.Важно е да бидеш искрен\а со твоите родители кога си згрешил иако може да бидеш казнет\а и да ги налутиш родителите 1 2 3 4 5 6 7

24.Да оставиш добар впечаток е по важно отколку да ја кажеш вистината на родителите 1 2 3 4 5 6 7

25.Твоите родители те казнуваат или дисциплинирираат кога си направил нешто што не треба 1 2 3 4 5 6 7

26.Мамиш на тестови во училиште 1 2 3 4 5 6 7

27.Твоите родители реагираат бурно за мамење на тестовите 1 2 3 4 5 6 7

28.Понекогаш е потребно да ги лажеш родителите за да ја задржиш нивната доверба 1 2 3 4 5 6 7

29.Можеш да успееш на училиште без да мамиш на испити\тестови 1 2 3 4 5 6 7

30.За да стекнеш почит од пријателите понекогаш е потребно да претепаш некои од другите деца 1 2 3 4 5 6 7

31.Волен си да прекршиш некои од правилата за да бидеш популарен меѓу пријателите 1 2 3 4 5 6 7

32.Понекогаш е потребно да прекршиш некои од правилата на родителите за да зачуваш некои од твоите пријатели 1 2 3 4 5 6 7

33.Си бил\а жртва на насилство-булинг 1 2 3 4 5 6 7

34.Си бил\а сведок на некој вид на насилство 1 2 3 4 5 6 7

35.Ти биле одземени нешта од тебе(или имале обид да одземат) употребувајќи сила и закани дека ќе те повредат 1 2 3 4 5 6 7

36.Некои од твоите работи биле намерно уништени или оштетени како на пр. дупнување на гума на точок,скината облека искинати книги и сл. 1 2 3 4 5 6 7

37.Си бил\а удиран\а од некој друг освен од твоите родители 1 2 3 4 5 6 7

38.Си бил удиран\а или си се заканувал\а дека ќе удриш некого без некоја посебна причина 1 2 3 4 5 6 7

39.Намерно си оштетил имот кој не ти припаѓа тебе 1 2 3 4 5 6 7

40.Некогаш си оштетил\а некои културни добра и вредности(културни предмети,уметнички и книжевни дела,споменици на културата,слики 1 2 3 4 5 6 7

41.Некогаш си провалил во кола или зграда да украдеш нешто 1 2 3 4 5 6 7

42.Си фрлал камења или шишиња по луѓе или коли 1 2 3 4 5 6 7

43.Пушиш цигари 1 2 3 4 5 6 7

44.Конзумираш алкохол (пиво,вино, потежок алкохол) 1 2 3 4 5 6 7

45.Конзумираш опојна дрога или други психотропни супстанци 1 2 3 4 5 6 7

46.Некогаш си се појавил\а под дејство на алкохол,дрога или психотропни супстанци на јавни места 1 2 3 4 5 6 7

47.Играш некои од хазардните игри како што се комарот и игрите на среќа(кладилници,гребки,лото и сл.) 1 2 3 4 5 6 7

Дали имаше некои конкретни прашања што беа поставени а те натераа да се чувствуваш особено непријатно?

(ако да, кои?)

---

Кои прашања ти би ги поставил\а доколку навистина сакаш да го разбереш односот на родителите со нивните адолесценти?

---

Ти благодарам многу за твоето учество во оваа студија.